# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

GODINA XI. 2003.
SRPANJ-RUJAN
ЈУЛИ-СЕПТЕМВРИ
ЦЕНА 5 кн

35
БРОЈ

ISSN 1333-7769



ЧЕСТИТ
11-ти ОКТОМВРИ

## ИЛИНДЕНСКО СТОЛЕТИЕ

**Браќа,**

Брзаме да ви го честитаме востанието! Денеска цела крушевска околија, заедно со цела Македонија крена востание и вика: долу тиранијата! Да живет слободата и рамноправноста меѓу македонските народности! Камбаните насекаде бијат, народот со чудесна радост се прибра под знамето на слободата. Момите и невестите ги китат со цвеќиња главите и пушките на востаниците! . . .

Да го извикаме победоносното ура! Бог и правото се со нас! Да живее Македонија.

*1903, 20 јули (2 август нов стил),*
*Крушево*

**Штабот на крушевските востаници**
**кој го објави востанието**

o o o

Во овој момент, земјата на нашите покојници - многубројни народни герои, паднали и посејали коските си по цела Македонија, им станује по лека и оние во мир веќе го гледат изгревот на нашата слобода, гледат идеалната дру. старите Илинденци - на Гоце Делчев и денешните Илинденци - младата македонска војска, и поставените темели за остварението на идеалот на две поколенија, на две епохи - слободна, обединета Македонија. . .

*Манастир Прохор Пчински*
*2 август 1944*

**Реч на *Панко Брашнаров*, најстариот по години член на Иницијативниот одбор на Првото заседание на АСНОМ**

o o o

Со оваа декларација се изразува сувереноста на Социјалистичка Република Македонија согласно со уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава. . .

*25 јануари 1991 г.*
*Скопје*

**Декларација за сувереност на**
**Социјалистичка Република Македонија**

o o o

Духовната порака на Илинден и на Крушевската република "поколенијата да живеат мирно и спокојно" е основен стремеж за утрешнината. Илинден и АСНОМ понудија европска кауза за човекови права - проектираа татковина за сите што живеат во Македонија, "без разлика на вера и националност".

Да ги оживотвориме идеалите на нашите предци за граѓанско, просперитетно општество - Република Македонија во семејството на европските држави.

*Илинден 2003*




**100 ГОДИНИ МАКЕДОНСКА ДРЖАВНОСТ**



*Благоја Јовановски*

# ПРОСЛАВЕН ДЕНОТ НАД ДЕНОВИТЕ

Драги наши читатели,

Ве поздравувам со чувство на огромно задоволство поради успешната прослава на ДЕНОТ НАД ДЕНОВИТЕ - ИЛИНДЕН. ИЛИНДЕН 1903 - ИЛИНДЕН 2003 г. Стогодишнина на Илинденското востание и македонската државност. Во Македонија и во сите делови на светот каде живеат Македонци гордо и достоинствено ги одбележаа зачетоците и корените на македонската државност. Најсвечено секако беше во Крушево, Мечкин Камен. Импресивна глетка. Собран македонскиот народ од секаде, од татковината, од прекуокеанските земји, од Европа, да го прослави мегникот на неговото национално опстојување.

Македонците од сите краеви на Хрватска, од соседната Словенија и гости од Македонија, достоинствено и свечено го одбележаа овој ден над деновите на 2-ри август во Самобор.

Летово се случија и неколку средби и настани за долго паметење. Имено, на 17-ти јули, претседателот на Република Македонија Борис Трајковски, ја посети Хрватска и во таа прилика се сретна со Македонците кои живеат во Хрватска. Средбата се одвиваше во многу срдечна и пријатна атмосфера на која се изврши заемно информирање за состојбите и случувањата во татковината и за животот и дејноста на Македонците кои живеат во Хрватска. По повод возвратната официјална посета на претседатолот на Република Македонија, Борис Трајковски, претседателот на Република Хрватска, Стјепан Месиќ, приреди свечена вечера во Претседателските дворови на Пантовчак на која присуствуваа и претставници на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Во името на Заедницата сопружниците Магањиќ, Ленче Петровска и Славен, од Сплит, му врачија на претседателот на Република Хрватска, Стјепан Месиќ, уметничка слика - портрет.

По повод Денот на државноста на Република Македонија, 8 септември, и 100 години Илинден и 100 години македонска државност, амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска, Махи Несими, приреди прием на 8 септември 2003 г. во Хотелот "Шератон" во Загреб.

На 26 јули 2003 г. во Осиек, Осиечката бригада и МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек, ја одбележаа четириесетата годишнина од земјотресот во Скопје.

На крајот, сакам да ве информирам со некои настани кои ќе се случат до крајот на годинава, а за кои детално ќе ве информираме во наредниот број на "Македонски глас".

Македонското културно друштво "Илинден" од Риека на 27 септември во Хотелот "Кварнер" во Опатија ја одржува традиционалната "Македонска музичка забавна вечер", свечено одбележување на 11-ти Октомври, 9-ти Денови на македонската култура во Осиек и Ѓаково, свечено одбележување на десетгодишнината од излегување од печат на првиот број на списанието "Македонски глас", по тој повод ќе се печати специјален број во боја на "Македонски глас", учествување на традиционалната смотра на националните малцинства во Република Хрватска на 2 ноември во "Лисински", одбележување на "Рациновиот ден", промоции на книги и др. Секако ќе ги одбележиме и активностите на македонските црквени општини и на Хрватско-македонското друштво.

*Заедницата на Македонците и Редакцијата на списанието "Македонски глас" на сите свои читатели со најубави желби им го честита 11-ти ОКТОМВРИ*

### Борис Трајковски, претседател на Република Македонија

# МАКЕДОНИЈА ЌЕ БИДЕ СТАБИЛНА И ПРОСПЕРИТЕТНА ЕВРОПСКА ДРЖАВА

***- При неодамнешната посета на Загреб, претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски, даде ексклузивно интервју за "Македонски глас"***



*Борис Трајковски, претседател на Република Македонија*

***Македонски глас:*** *Со нашето "добродојдовте во Хрватска" оценете ги македонско-хрватските односи меѓу нашите две самостојни држави?*

**Трајковски:** И денес го искажав тоа општо задоволство дека постојат навистина пријателски односи, а нивниот позитивниот тренд се чувствува и во севкупниот развој уште од времето на осамостојувањето на Македонија па до ден денешен. Тоа го потврди и ова мое доаѓање во Загреб, што не е само потврда на тие пријателски односи, туку и додатен импулс за унапредувањето на соработката меѓу нашите две држави. Особено на планот на новите приоритети кои стојат пред нашите две држави, а тоа е евро и евроатланските интеграции. Во Хрватска гледам еден традиционален пријател и партнер на патот на нашето приближување, што е наш взаемено стратешки и внатрешно-политички приоритет. Ваквите зачестени средби, на високо ниво, ги имаме многу во последните неколку месеци, а што е важно тие продуцираат со одредени документи и политички иницијативи. Сметам дека со оваа соработка покажуваме висок степен на интензивирани активности и на нов квалитет што продуцира нешто ново кое отвора јасни визии и перспективи, што не беше случај во минатото.

***Македонски глас:*** *Знаеме дека многу нешта Ве врзуваат за Хрватска, а едно од нив е што Вие бевте и првиот претседател на Македонско - хрватското друштво во РМ. Дали сé уште сте активен во Друштвото?*

**Трајковски:** Да, точно е тоа дека бев првиот негов претседател и мојот искрен однос кон тоа здружение на пријатели на Македонци и Хрвати во Република Македонија го покажува мојот генерален однос кон Хрватска.

***Македонски глас:*** *Од кога потекнува тоа Ваше пријателство со Хрватска?*

**Трајковски:** Јас бев уште во иницијативниот одбор при формирањето на тоа Друштво, а тоа, можеби, влече корени од таму што уште во поранешна Југославија имав изградено еден посебен однос кон Хрватска, можеби вљубеник во хрватската култура, уметност и нејзините традиции. А токму таквиот вид соработка со ваквите друштва е еден вид мост на соработка, зближување и афирмација. За жал, моите државнички обврски не ми дозволуваат да се посветам на моите активности во Друштвото во Скопје, но, се разбира, еден ден кога нема да бидам претседател ќе сакам повторно да се видам и работам со моите пријатели од Македонско - хрватското друштво и заеднички да продолжиме со натамошната афирмација на пријателство меѓу двата народа, градејќи ги на тој начин мостовите на разбирање и соработка меѓу двете држави.

***Македонски глас:*** *Македонија и Хрватска заедно настапуваат на повеќе полиња. Според Вас, што уште треба да се стори на тој план?*

**Трајковски:** Нашите две земји во изминативе месеци дадоа извонреден пример како државите од овој дел на Европа можат да

соработуваат меѓу себе на европски начин, наместо да се расправаат и продуцираат конфликти во духот на старата и анахрона балканска политика. Јас и претседателот Месиќ во декември минатата година заедно со претседателите на Албанија, Србија и Црна Гора и БиХ, имавме заедничко обраќање до Самитот на ЕУ во Копенхаген, со кое побаравме европска перспектива за Балканот и поддршка од Унијата за структурните реформи во нашата држава. Тој процес во неговата прва фаза заврши со Самитот на петте претседатели во Охрид каде што ја потпишавме заедничката Декларација со која ја најавивме нашата намера да понудиме покохерентен регионален пристап за Самитот на ЕУ - Западен Балкан, што донесе добри документи во Порто Карас.

***Македонски глас:*** *Во годината кога ги славиме 100-те години Илинден, како Вие ја оценувате сегашната политичка состојба во Р: Македонија?*

**Трајковски:** Од 2001 година до денес минавме низ еден исклучително тежок период за опстојувањето на нашата држава. Но, со оглед на фактот што граѓаните на Македонија повторно ја искажаа својата зрелост и мудрост, како и својот највисок степен на демократичност, за да се одбегне било каков конфликт или да се одбегне да влеземе во било каков конфликт од пошироки размери, сметам дека кризата е далеку зад нас, а граѓаните се повеќе очекуваат да се вратат во нормалниот колосек на живеење. Треба да се забрза тепмото на економската и социјална кохезија во заживувањето на тие аспекти, а веќе гледаме дека институциите на системот функционираат. Но најважно е што кај граѓаните постои тоа чувство и желба за политичка храброст да не се дозволи да се разнебити државата. Со тоа покажавме дека сме држава која знае високо да го цени заедничкото живеење, туку и дека имаме висока степен на толерантност за меѓусебно разбирање и доверба. Сето тоа беше услов кризата да биде надмината во еден краток период и дека ни претстои едно добро време за нашата држава. Денес, слободно можам да кажам дека се наоѓаме во последната фаза од процесот на конечна стабилизација на државата и постепено но сигурно ги трансформираме нашите приоритети од безбедносните прашања и предизвици кон економските и развојните теми. Независно од спорадичните вооружени инциденти што ги предизвикуваат луѓето незадоволни од позитивниот развој на настаните, Р. Македонија е многу поблиску до конечното стабилизирање, отколку до можноста за обновување на спиралата на конфликтот.

***Македонски глас:*** *Колку Р. Македонија е близу Европа и нејзините европски интеграции?*

**Трајковски:** Македонија е формално кандидат за европската унија, значи потенцијален кандидат. Веќе две години сме во процесот на спроведување на Договорот за стабилизација и асоцијација. Иако во Порто Карас добивме поддршка за реформите што ги правиме и за нашата јасна визија и перспектива има уште многу што да се стори на економско, социјален и политички план. Затоа, јас гледам дека веќе идната година за Македонија може поконкретно да се зборува за нејзиното интегрирање во европските интеграции. Сепак, сето тоа, според мое мислење, ќе биде завршено некаде во 2004 година.

***Македонски глас:*** *Која е Вашата визија за Македонија во следните неколку години?*

**Трајковски:** Од самиот почеток на мојот мандат, а што беше искажано дури и во мојата предизборна кампања, визијата е иста: стабилна и перспективна европска држава на задоволни граѓани кои никогаш повеќе нема да го поставуваат прашањето дали нивната држава ќе опстане или не. Нашата историја, традициите на соживот и демократија неоспорно се европска провенциенција и нашата цел е да се вратиме онаму каде што, во културолошка и цивилизациска смисла, од секогаш сме припаѓале.

***Македонски глас:*** *Се сретнавте со претставниците на Македонската заедница во Хрватска. Дали сте задоволни од нивната активност и афирмацијата на Макаедонија на овие наши простори?*

**Трајковски:** Вистинска реткост е една така мала заедница каква што е Заедницата на Македонците во Хрватска да биде така активна во планот на своето организирање и афирмирање на своите културни и традиционални вредности, со што го истакнува своите етнички особености. На тој план вие многу правите, а сето тоа е и забележано од страна на Р. Хрватска, која, според мое мислење, има позитивен однос кон нив затоа што смета дека е тоа европски начин на однесување, па затоа и ги помага при нивната работа. Поради тоа, тие се многу јака врска и мост не само за културна размена меѓу двете земји, туку можат да допринесат и на планот на економските односи и искуства што уште повеќе ќе ги зближат нашите држави.

Марина Апостоловска - Вујаклија



*Махи Несими, новиот амбасадор на Република Македонија во Република Хрватска*

**Махи Несими, новиот амбасадор на Република Македонија во Република Хрватска**

# ФУНКЦИЈАТА МИ Е ПРЕДИЗВИК

Неодамна, Република Македонија го акредитира новиот амбасадор во Република Хрватска, господинот Махи Несими. Непосредно по неговото пристигнување во Загреб, специјално за "Македонски глас", обавивме кус разговор со него.

Новиот амбасодор на Македонија во Загреб Махи Несими роден е во 1952 година во село Отушиште, Тетовско. Во Загреб го завршил факултетот за политички науки, отсек - надворешна политика. Работел како новинар, политички коментатор, уредник и одговорен уредник во весниците "Флака" при НИП "Нова Македонија", Македонско радио - програма на албански јазик и Прва програма на Македонското Радио. Добитник е на државната награда за новинарство во 1994-та и автор на голем број политички анализи, статии и колумни во весниците "Дневник", Утрински Весник", "Актуел" и други. Неговата сопруга Хирјете е просветен работник. Татко е на три синови-студенти.

**Кои се вашите првични впечатоци по Вашето пристигнување во Загреб?**

- Функцијата која ја извршувам е доста комплексна бидејќи бара да се познаваат многу работи поврзани со земјата домаќин. Во тој поглед не се чуствувам како дојден, туку како повратник. Но малкуте досегашни контакти, било службени или приватни, ми даваат за право уште во почеток да стекнам прекрасна слика за односите на луѓето кон мене лично, функцијата која ја извршувам и амбасадата на Република Македонија.

**Дали ова ваше прво амбасадорско место го сматате за голем предизвик?**

- Чуството дека сте личност која ја претставувате својата земја во друга земја, само по себе создава внатрешен немир, кој бара мобилизирање на сиот психофизички потенциал за успешно преовладување на сите можни препреки во извршувањето на обврските. Во тој поглед функцијата претставува предизвик. Но, предизвикот добива во тежина со самиот факт што Република Македонија и Република Хрватска се две земји кои во наредниот период ќе треба целосно да соработуваат во имплементацијата на Јадранската повелба со цел членување во НАТО. Република Хрватска веќе ја доставила кандидатурата за Европската Унија, додека пак Република Македонија се очекува истото да го стори при крајот на оваа година. Успешната соработка меѓу двете земји кои се стремат кон евроатлантските интеграции е најголемиот предизвик на мојата функција.

**Што би им препорачале на Македонците што живеат во Хрватска.**

- Основна заложба на луѓето кои живеат во земји што не им се "матични", односно нивните поблиски или подалечни претци потекнуваат од друга земја , е тие да бидат крајно лојални кон земјата во која живеат. Токму затоа, како Македонците така и претставниците на другите народи од Македонија што живеат во Хрватска претставуваат солиден мост за поврзување на Македонија и Хрватска. Македонците во Хрватска се доста добро етаблирани во хрватското општество и нивните активности претставуваат пример за однесување во овдешното општество. Разновидните културни активности, кои се одржуваат во Хрватска не само што ја збогатуваат овдешната културна понуда туку и создават реална слика за Македонија и нејзиниот културен потенцијал. Сето ова ќе се збогатува и воздигнува во повисоко рамниште доколку успеваме културната соработка да се организира преку отварање на Македонско културно информативен центар овде во Загреб а и на Хрватски во Скопје. Македонците ќе траба поактивно да се вклучуваат и во стопанската соработка меѓу двете земји, што ќе претставува силен импулс за севкупната соработка и поцврсто поврзување на двете општества.

М.А.В.

# СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БОРИС ТРАЈКОВСКИ ВО ЗАГРЕБ



*Претседателот со претставниците на македонските сдруженија во Хрватска*

Во тродневна посета на Хрватска претстојуваше претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

Хрватска и Македонија успешно соработуваат, а со конкретни мерки треба да ја поттакнат стопанската соработка, изјавија првиот ден од посетата претседателот Стјепан Месиќ и неговиот македонски колега Борис Трајковски. Месиќ го извести својот гостин за хрватската кандидатура за Европска унија и со хрватскиот модел за градба на автопати. Претседателот Трајковски даде оценка дека "односите на нашите две земји се на високо рамниште, а посебно со позитивен тренд во последните неколку години".

Двајцата претседатели се сложија дека треба да се зајакне регионалната соработка за да се остварат плановите за изградба на Јадранско - јонскиот автопат. Трајковски потврди дека се завзема за индивидуален пристап во ЕУ. Упати честитка на Хрватска што поднесе службена кандидатура за влез во ЕУ и најави дека Македонија тоа ќе го стори до крајот на годината.

Односите меѓу Хрватска и Македонија не се конкурентни, туку е збор за односи со меѓусебна подршка. Тоа може да биде пример и на другите земји во регијата на југоисточна Европа.

Тоа е заеднички заклучок на претседателот на Хрватскиот сабор Златко Томчиќ и македонскиот претседател Борис Трајковски.

И двајцата го истакнаа високиот степен на меѓусебна соработка и разбирање, а Томчиќ изрази задоволство со остварeното рамниште на парламентарната соработка и со позитивните движења во хрватско-македонските стопански односи.

На средбата, претседателот на хрватската Влада Ивица Рачан и претседателот Борис Трајковски истакнаа дека хрватското искуство со убрзаното и успешното приклучување во ЕУ е охрабрение и за Македонија која исто така ќе поднесе формална апликација за ЕУ. Рачан го запозна Трајковски со хрватската стопанска ситуација, со нагласок на успешните инфраструктурни проекти. Во разговорот беше збор и за потребата на стално јакнење на стабилноста во нашата регија.

Претседателот Трајковски се сретна и со загрепската градоначалница Власта Павиќ.

За нас Македонците кои живееме во Хрватска, односно во Загреб, претседателот Трајковски на 17 јули приреди средба во својата резиденција. Во неговата пратка беа Фуад Хасановиќ, заменик министер за надворешни работи, Зоран Јолевски, генерален секретар на кабинетот на претседателот и Миле Крстевски, раководител на Секторот за пошироко соседство.

Покрај претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска Илија Христодулов на средбата присуствуваа активисти од сите наши македонски културни друштва, од Хрватско-македонското друштво и од Македонската православна црковна општина: Анастас Оджаклиески, Благоја Јовановски,



*Разговор со претседателот Борис Трајковски*

# СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БОРИС ТРАЈКОВСКИ ВО ЗАГРЕБ

Ксенија Лазарева Јурановиќ, Тања Јовановска, Ѓуро Бачев, Ратко Димоски, Борислав Павловски, Трајан Стефановски, Лена Ѓапиќ, Анка Рабузин, Томислав Зојчески, Јулијана Кениг, Михаило Ничота и Марко Паризоски.

Илија Христодулов го запозна претседателот Трајковски со организацијата и работата на Заедницата. Посебно ги нагласи сегашните активности кои се во текот за избори на Совети за национални малцинства по градовите и избор на претставник во Советот за национални малцинства при Владата на Република Хрватска.

Сите членови при средбата со претседателот Трајковски се претставија со своите функции и активности во друштвата каде работат.

На претседателот му беа врачени подароци - книги кои ги издаде Заедницата и неколку броеви од нашето списание "Македонски глас".

Претседателот Трајковски изрази големо задоволство што се сретна со Македонците кои живеат и работат во Хрватска, што се запозна со активностите на македонските културни друштва и во поздравниот збор меѓу другото истакна:

*"Се радувам што се сретнав со Вас кои живеете овде во Хрватска, со хрватскиот народ. Вие сте патриотски настроени и искрени, по разни основи сте ја напуштиле својата земја, а со себе го носите сето она од полето на културата, уметноста и архитектурата, а ние се гордееме со тоа што се наши вредности.*

*Ме радува фактот дека сте на таков начин организирани во шест македонски друштва, опстојувате на овие простори иако сте малку, меѓутоа јас денеска го кажав тоа дека сте на убав начин организирани. Тоа би било додатен импулс или поттик за другите наши сограѓани кои живеат во други простори. Вие покажувате еден добар пример за Македонија, за начинот како се презентирате вие тука и она што знаеме за Вас можам да кажам дека е позитивно. Секако дека постојат проблеми, но Вие сте организирани на доброволна база, а од разни причини живееме во окружување на социјални и економски моменти кои ја диктираат оваа состојба.*

*Кај Вас постои ентузијазам и силна желба да бидете заедно. Собирајќи се на едно место, Вие се собирате околу столбот на нашата и Вашата татковина Македонија, каде што се вашите спомени, куќи и села кои сте ги напуштиле. Сега сте тука и сакате да го најдете повторно сето тоа тука во вашето живеење. Вие сте горди, со вашите културни особености на далеку сте познати.*

*Денеска го истакнав фактот дека сепак го ценам тоа што Хрватска го чини за Вас, финансиски ве подржуваат. Со уставниот закон Хрватска се на европски начин однесува со националните малцинства и она што е многу важно што тие ја разбираат улогата на македонското национално малцинство. И ние во Македонија тоа го цениме, тоа е мост за меѓусебно разбирање.*

*Затоа и моите приоритетни цели беа кога влегов како член на иницијативен одбор за основање на Македонско - хрватско друштво. Во Македонија има многу пријатели на Хрватска и на хрватскиот народ. Преку тоа заедничко дружење се афирмираат тие заеднички вредности и верувања за да допринесеме за некои попрактични врски па дури и по стопански пат. Додека бев член на тоа здружение ги погледав активностите од областа на културата и историјата, организиравме трибини за афирмација на многу познати и учени луѓе од Хрватска за запознавање културата и историјата во Македонија.*

*Исто тоа го прави и Вашето здружение во Хрватска па доаѓаше до меѓусебни посети за подобро запознавање. Така се организираа средби за браќата Миладиновци, Кочо Рацин и печатницата во Самобор и др.*

*Уште еднаш ве поздравувам и упатувам желби за понатамошна соработка"*

За сеќавање на средбата на претседателот е испратен албум со слики.

Марко Паризоски



*Анка Рабузин врачува подароци*

# СРЕДБИ ЗА ПАМЕТЕЊЕ

По повод возвратната офоцијална посета на г. Борис Трајковски, претседател на Република Македонија и г-ѓа Вилма Трајковска на Република Хрватска, на 17 јули 2003 г. во Загреб, претседателот на Република Хрватска г. Стјепан Месиќ, приреди свечена вечера во Претседателските двори. На свечената вечера беа разменети здравици.

Меѓу другото, беше констатирано дека односите меѓу двете земји се добри и пријателски. И Хрватска и Македонија имаат прецизно зацртани свои стратешки цели кои можат да се резимираат во формулата: вклучување во Евро-атланските интеграции. На тој план Хрватска и Македонија можат да се помагаат. Затоа мора да се разменуваат искуства и да се соработува. Создадени се добри темели за плодна меѓусебна соработка. Посебно внимание ќе треба да се посвети на економската соработка и заеднички настапи на трети пазари.

И Хрватска и Македонија даваат свој полн допринос кон напорите на глобалната антитерористичка коалиција и снажно ги подржуваат Обединитите народи.

На свечената вечера присуствуваа и претставници на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Во името на Заедницата сопружниците Маганиќ, Ленче Петровска и Славен, од Сплит, му врачија на претседателот на Република Хрватска, Стјепан Месиќ, уметничка слика - портрет.

Б.Ј.



*Славен Магањиќ со претседателот Стјепан Месиќ и неговата сопруга*



*Ленче му го врачува портретот на Стјепан Месиќ*



*За долго паметење: Ленче со пртседателите на Македонија и Хрватска*



*Претставување на македонските гости на Стјепан Месиќ*

**Во Самобор**

# ДОСТОИНСТВЕНО И СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАНА 100 ГОДИШНИНАТА НА ИЛИНДЕН

*- Македонците од сите краеви на Хрватска и од соседна Словенија на величествен собир го одбележаа својот велик празник и стогодишнината на Крушевската република*




*Поздравен говор на Владимир Крстевски, вршител на должноста при амбасадата на Р.М.*

Во Хрватска достоинствено и свечено беше прославен големиот празник Илинден и одбележана стогодишнината од Илинденското востание. Македонците од Сплит, Задар, Пула, Осијек, Загреб и соседната Словенија, се собраа во питорескниот Самобор и во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Македонското културно друштво "Крсте Мисирков" од Загреб, а под високо покровителство на претседателот на Р. Македонија, господинот Борис Трајковски, со богата културна манифестација го прославија јубилејот.

Програмата започна на централниот плоштад во Самобор, каде играорците и пејачката група на ансамблот за народни ора и песни "Тоска" од Штип исполнија ракатка познати револуционерни песни и танци, на кои се прирдружија и присутните Македонци, но и повеќе самоборчани. Потоа, во самоборскиот музеј беше отворена изложбата "100 години Илинден", подготвена од Агенцијата за иселеништво на Македонија, во исто време кога во 100 града во целиот свет беа презентирани фотографии и документи за настаните врзани со збиднувањата на Втори август 1903-тата година. Воедно, пред бистата на Кочо Рацин, кој во Самобор ја издаде својата стихозбирка "Бели мугри", беа положени венци свежо цвеќе.

Прославата на Илинден во Хрватска потоа продолжи во спортско-рекреативниот центар "Вугриншчак". Во присуство на градските челници на Самобор и пред повеќето стотици Македонци, за значењето на Илинден најнапред говореше вршителот на должноста при амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, Владимир Крстевски. Тој меѓу другото рече: "Денес Македонија и нејзините иселеници ширум светот гордо и достоинствено ги одбележуваат зачетоците и корените на македонската државност. По тој повод и овде, денес во Самобор, Македонците од сите краеви на Хрватска, заедно со нашите хрватски пријатели, се собравме да се потсетиме на нашето славно минато и оддадеме должна почит кон сите борци за македонската кауза во изминативе 100 години".

На присутните на прославата потоа им се обрати и претседателот на Заедницата на Македонците во Хрватска, Илија Христодулов, кој, меѓу другото рече: "Востанието



*Владимир Крстевски полага венец пред бистата на Кочо Рацин*

иако заврши со пораз, тоа претставува победа на македонскиот дух, победа на свеста на македонскиот поробен народ, кој со него му порача на светот дека неговата борба за слобода е и борба за неговата посебност. Крушевската република е кулминација на македонската крвава драма: таа постоеше десет дена но еве трае еден цел век, затоа што нејзините пораки и космополитскиот дух се трајни и актуелни и денес." Во продолжение, беше прочитана поздравната реч што по овој повод до своите духовни чеда во Хрватска од Македонија ја испрати Господин господин Стефан.

Потоа почна општонародната веселба. Во уметничкиот дел на програмата се претставија членовите на македонските културни друштва од цела Хрватска, а специјални гости беа познатите интерпретатори дуетот Селимова - Желчевски и групата "Боеми". Иако прославата траеше до доцните попладневни часови, мораме да ја спомeнеме организаторската грешка при



*Фолклорниот ансамбл "Тоска" од Штип*

што бината каде што настапуваа уметниците беше предалеку поставена, па музичките ноти од разгласите "тешко" доаѓаа до присутните гости.

Сé на сé, Илинден во Хрватска беше достоинствено и свечено одбележан како показ дека Македонците што живеат на овие простори длабоко ја ценат и почитуваат својата богата историја.

М.А.В.



*Засекогаш со Македонија во срцето*



**Обраќање на директорот на Агенцијата на иселеништво, г. Мирче Донески, по повод отворањето на изложбата:**

# "СРЕДБА НА ИЛИНДЕН СО 21 ВЕК 100 ГОДИНИ ИЛИНДЕН"

*Мирче Донески*

Почитувани пријатели,
драги сонародници,

Ви се обраќам со радост и гордост на овој голем ден, но и со жалење поради неможноста да бидам со сите вас на денешното отворање на историската изложба со која, во оваа јубилејна година во сто градови од светот ги одбележуваме стоте години од Илинденското востание и од македонската државност.

Вашата заедница е една од тие сто центри од каде денес зрачи македонска порака. И покрај нашата географска раздалеченост чуствувам блиски сме и единствени во срцата и во мислите достојно да го одбележиме овој значаен јубилеј за македонскиот народ.

Илинденското востание кое резултираше со прогласувањето на првата република на Балканот со сите нејзини институции кои инспирираа на доверба, беше обид да се премости статусот на раја во гнилата Османлиска империја и да се стаса до европска граѓанска држава.

Прокламацијата на илинденските востаници позната како Крушевски манифест, икондензирано ја содржи целата национално ослободителна филозофија на македонскиот народ. Тоа беше најдобар пример за соживот и показател за исклучителната култура на толеранција. Крушевскиот манифест беше и блескава промоција на човековите права и заложба за сожителство врз принципот на еднаквост, објавен половина столетие пред Увиверзалната декларација на човекови права, донесена од ОН во декември 1948 година.

Во оваа свежа, чудесна идеја што проструи низ Балканот во 1903 се препознаваат европските и светските цивилизациски



*Свечено отворање на изложбата во Градскиот музеј во Самобор*

вредности. Илинденското востание претставено низ оваа изложба е токму тоа - проблесок на тие наши вредности по петвековното османлиско ропство и крик за остварување на националната и социјална правда.

Ги поздравувам, сите гости на оваа изложба, сите Македонци и пријатели на Македонија и ја испорачувам својата длабока благодарност кон домаќините за искажаната подршка без која оваа изложба не ќе беше можна.

Тие, со својата одговорност ја потврдуваат универзалната вистина дека почитта кон традицијата, културата и минатото на другиот се основа за соработката во сегашноста и влог во иднината на светот.

Нека ни е честит великиот Илинден! Уште многу години да не инспирираат неговите благодарни стремежи.

Нека ни е вековита и благословена Македонија.

Скопје, 02 08 2003

Со почит
Мирче Донески
Директор на Агенцијата за иселеништво

### По повод 8 септември и 100 годишнината на Илинден

# АМБАСАДОРОВ ПРИЕМ ВО "ШЕРАТОН"

По повод Денот на независноста на Република Македонија и 100 годишнината од Илинденското востание, на 8 септември во хотелот "Шератон" во Загреб, амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска, Махи Несими, приреди свечен прием.

Србија и Црна Гора, БиХ, Чешка, Португалија, Чиле, Иран и други.

За одбележување е и присуството на македонските иселеници, членовите на Заедницата на Македонците во РХ и членовите на Заедницата на Албанците во РХ, по потекло од Македонија.



*Поздравна реч на амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска, Махи Несими*



*Членовите на амбасадата со сопругите ги пречекуваат гостите*

На приемот присуствуваа повеќе од 300 гости, меѓу кои и претставници на највисоките државни органи и жупаниите, како и претставници на Дипломатскиот кор и меѓународните организации во Загреб. На приемот, како претставник на претседателот Месиќ, присуствуваше неговиот советник за надворешна политика, Ивица Маштруко, Владата ја претставуваа десетина челници од министерствата, а беа и собранискиот пратеник Иво Шкрабало, заменикот градоначалник на Загреб, Милан Бандиќ, претседателот на Српското народно собрание, Милорад Пуповац и други. На приемот свои претставници имаа речиси сите амбасади и меѓународни организации, меѓу кои и амбасадорите на САД, Велика Британија, Канада, Јапонија, Норвешка, Финска, Албанија,

По поздравната реч на амбасадорот Несими, приемот во "Шератон" протече во пријатна атмосфера, во која беа остварени бројни непосредни контакти и разговори меѓу присутните гости. Затоа може да се смета дека овој свечен чин во Загреб беше достоинствено одбележување на двата празника, но и успешна промоција на новиот амбасадор на Македонија во Хрватска.

М.А.В.



*Македонците од Хрватска со амбасадорот*

## ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА СУВЕРЕНОСТ 1991 г.

На 25 јануари 1991 новото, повеќепартиско Собрание на Република Македонија, ја усвои Декларацијата за сувереност на Република Македонија, во која, меѓу другото, Република Македонија е дефинирана како суверена држава, која во согласност со своите интереси независно одлучува за своите идни односи со државите на другите народи од Југославија.

## РЕФЕРЕНДУМ 1991 г.

На референдумот, одржан на 8 септември 1991 година, граѓаните на Република Македонија по пат на плебисцит, со 95,09 отсто гласале за суверена и независна Република Македонија.

## ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА НЕЗАВИСНОСТ 1991 г.

Врз основа на резултатите од Референдумот, Собранието на РМ на седницата одржана на 17 септември 1991 ја усвои Декларацијата за независност. Повикувајќи се на волјата на сите граѓани изразена на Референдумот, Декларацијата изразува дека Република Македонија како суверена и независна држава ќе се придржува кон генерално прифатените принципи во меѓународните односи, содржани во Повелбата и во другите документи на ООН, Фи-налниот документ на КЕБС, Париската повелба на КЕБС и тоа ќе биде основа за нејзините активности во меѓуна-родните односи.

На 19 декември 1991 година Собранието на Република Македонија ја усвои Декларацијата на меѓународното признавање на Република Македонија како суверена и независна дрдава.




## ПРИЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ООН

Собранието на Република Македонија на 29 јули 1992 година ја изгласа Одлуката за прием на Република Македонија во ООН како суверена и независна држава. Набргу потоа претседателот на државата поднесе формална апликација за признавање на Република Македонија како членка на ООН. Република Македонија ги прифати Декларацијата и другите документи на ООН, принципите на современите меѓународни односи и постојните стандарди во меѓународното право.

# ЕДЕН ОД 100-те ИЛИНДЕНСКИ ОГНОВИ *ЗАПАЛЕН* ВО ПУЛА

Прославата на 100-годишниот јубилеј на Илинденското востание, конципиран е од организаторот "Агенцијата за иселеништво на Република Македонија" со организирање на 100 истоветни изложби во 100 различни градови на сите континенти во светот, каде е најбројна македонската дијаспора,популарно наречени 100 славенички огнови на Илинденот. Со оглед на тоа, дека изложбата е отворена на 1-ви август во 19 часот, веруваме дека сме први што го запалиле својот оган, во чест на овој голем настан во историјата не само на македонскиот народ, туку и многу пошироко, кон револуционерните настани во преобразба на Отоманската империја и овој дел на светот.

По повод 100-годишнината на најголемиот национален празник и еден од значајните празници на Македонската православна црква Илинденот, одбележен е во организација на МКД "Кочо Рацин" и МПЦО "Св Јоаким Осоговски" во соработка со "Агенцијата за иселеништво" на Република Македонија, надлежните служби на Градот Пула, Истарска жупанија, "Нова банка д.д." филијала Пула и Археолошкиот музеј на Истра, со постава на изложбата на тема: "100 години на Илинденот - 100 години на македонската државност "Поставата е конципирана со претставување на над 180 фотографии и на настаните, лицата и документите во врска со револуционерното минато на Македонија на 25 паноа, со двојазичен македонски и англиски текст на коментарите.

Во културната програма по тој повод учествуваа познатите и омилени естрадни уметници Кети Селимова и Ѓорѓи Желчевски, вокалната група "Ленка", "Македонските чалгии" и детската група "Ѕвездички" на МКД "Кочо Рацин". Изложбата е организирана во времето од 01 до 14 август 2003 година во просториите на "Нова банка д.д." Пула .



*Јордан Пиперката*

Отворањето на изложбата организаторите ја прославија со "Востаничката ноќ" организирана во гостилницата "Код Званета" каде продолжи веселбата до раните утрински часови, кога во мугрите е испратен поздрав до Илинденот и по нашите учесници до сите присутни на централната прослава во Самобор, каде заминаа со автобус изутрината во 5 часот.

Р. Д.

**BIVŠI OSJEČKI BRIGADIRI:** ČLANOVI BIVŠE OSJEČKE OMLADINSKE RADNE BRIGADE OBILJEŽILI 40. GODIŠNJICU IZGRADNJE SKOPLJA NAKON POTRESA

# MISLILI SMO DA JE TO SMAK SVIJETA I BOJALI SE EPIDEMIJE

*Osiječka je brigada bila najmlađa, a ujedno je imala i najviše djevojaka * Zapovjednik Koić dvije godine poslije gradio je i montažne kućice na Jugu II za Osječane koji su ostali bez svog doma nakon velike poplave Drave! * Prije se više gledalo na društveno dobro, a ljudi su bili skromniji. Danas je sve privatni kapital i svatko gleda samo novac - uspoređuje Vinko Koić*



*Vinko Koić, zapovjednik osječke omladinske brigade za izgradnju Skopja 1963.*

Nedavno se u kavani hotela Central okupilo dvadesetak Osječana starije dobi koje je, za razliku od ostalih posjetitelja, snažno povezivalo specifično životno iskustvo i neizbljediva zajednička uspomena. Naime, svi su bili članovi Osječke omladinske radne brigade, koja se krajem srpnja 1963. zaputila u Skoplje nakon što je glavni grad Makedonije bio izložen strahovitom potresu. Stoga su se bivši omladinci sastali 26. srpnja, točno 40 godina nakon što se dogodila jedna od najvećih katastrofa u svjetskim razmjerima, ali koja je rezultirala i dirljivim primjerima ljudske solidarnosti.

**Svi se razboljeli**

Potres se dogodio u 5,17 sati ujutru i zbog toga je tragedija bila još veća jer su Skopljani u to vrijeme spavali. Nije bilo čovjeka u tom gradu koji nije izgubio nekog od svojih. Premda smo spasili 2.458 ljudi, 1.370 ih je izgubljeno. Poginuli su. A kada smo ujutro doputovali u glavni grad Makedonije, prizor me je podsjetio na snimke Hiroshime i Nagasakija nakon što je na te gradove bila bačena atomska bomba - priča **Vinko Koić**. Tada je imao 28 godina i bio je zapovjednik Osječke ORB "Skoplje 63", koja je brojala 60-ak mladih ljudi, najviše u dobi od 18 do 21 godine. Prema njegovim riječima, osječka je brigada bila najmlađa, a ujedno je imala i najviše djevojaka.

Koić se rado prisjeća i ostalih nevolja koje su uslijedile odmah nakon potresa. Mada su entuzijastično i uz pjesmu krenuli sastati se s brigadama iz ostalih republika bivše Jugoslavije u Beograd, odakle su se posebnom željezničkom kompozicijom uputili za Skoplje, već su se odmah po dolasku svi osječki brigadiri razboljeli (pretpostavlja se da je uzrok bio u pokvarenoj hrani na srpanjskim vrućinama). Vrlo su se brzo pridružili ostalim brigadama u raščišćavanju ruševina, spašavanju preživjelih i gradnji montažnih kućica, ali su ih u tome uskoro spriječili četverodnevni pljusak i poplava koja je potom nastala.

Mislili smo da je to smak svijeta! Potres, pa poplava a plašili smo se da



*Bivši osječki brigadiri prisjetili su se 26. srpnja 1963. , crnog dana za glavni grad Makedonije*

će početi harati i epidemije - kaže Koić, koji u tom trenutku nije vjerovao da će ubrzo spašavati unesrećene u još jednoj katastrofi, i to u vlastitom gradu. Naime, dvije je godine poslije gradio i montažne kućice na Jugu II za za Osječane koji su ostali doma nakon velike poplave Drave 1965.!

**Najpotresniji prizor**

I premda je sudjelovao u još nekoliko omladinskih radnih akcija (kao što je, primjerice, izgradnja autoputa Ljubljana-Zagreb 1958.), bivši omladinac Koić naglašava kako mu je boravak u Skoplju nezaboravno iskustvo, ispunjeno lijepim poznanstvima, ali i potresnim prizorima.

Naročito su me fascinirali psi obučeni za spašavanje. Išli bi preko ruševina i kada bi osjetili živog čovjeka, zalajali bi, dok bi nad poginulima zacviljeli. Bilo je zanimljivo i s Albancima. Oni su u Skoplju imali ogromne plantaže rajčica, paprika i krastavaca. I prem- da im je bila plaćena naknada, nisu lako podnosili bagere kada su gazili preko njihovih plantaža radi što hitnije izgradnje montažnih naselja u kojima danas uglavnom žive Romi. Najpotresniji mi je prizor bio čovjek kojemu su u potresu poginuli žena i dvoje djece. Samo mu je jedna kokoš preživjela i on ju je cijelo vrijeme nosio pod rukom po gradu kao jedino što mu je ostalo. Bilo je strahovito puno ljudi koji su besciljno tumarali gradom, u šoku i bez ičega više, ali se na njih nismo osvrtali. Imali smo prečih problema, morali smo spašavati ljude iz ruševina - zaključuje bivši zapovjednik Osječke omladinske radne brigade "Skoplje 63"

Igor Gajin

## Ponovno u Skoplje

Članovi bivše Osječke omladinske radne brigade "Skoplje 63" okupili su se i na inicijativu Makedonskoga kulturnog društva "Braća Miladinovci" iz Osijeka. Našli su se u kavani hotela Central u koju su svratili i kada su se, nakon dvomjesečnog rada u Skoplju, vratili u Osijek. Ovaj bi susret, inače, trebao postati tradicionalan, a planira se i organizirani odlazak u Skoplje te svečano primanje kod visokih makedonskih i skopljanskih dužnosnika. Za sada su im uručeni pozdravi i čestitke makedonskog predsjednika Trajkovskog te skopljanskoga gradonačelnika koji su zahvalni na solidarnosti pokazanoj 1963., ali su također i dirnuti što Osječani obilježavaju uspomenu na te dane.



*Jedna od zgrada iz koje su Osječani spašavali zatrpane*



*Sat koji i danas stoji na starom željezničkom kolodvoru u Skoplju zaustavljen u vrijeme potresa*

**АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**VELEPOSLANSTVO REPUBLIKE MAKEDONIJE**
**Zagreb**

Poštovani članovi osječke omladinske brigade Skoplje 1963. godine,

Poštovani građani Osijeka i okolnih gradova i sela,

Željeli bismo prije svega zahvaliti Vam se na pozivu, no zbog ranije preuzetih obveza, nismo u mogućnosti danas biti s vama.

Ugodno smo iznenađeni inicijativom za obilježavanje dana kada se Skoplje suočio s jednom od najvećih tragedija u njegovoj dugoj povijesti.

Prije 40 godina, Skoplje je bilo gotovo sasvim razrušeno. Samo u jednom trenutku Skoplje je ostalo bez više od 1000 svojih sugrađana. Ali iz ruševina, ekipe za spašavanje iz svih krajeva tadašnje države, izvukle su 2 458 građana i medicinski su bile zbrinute 3 383 osobe.

Nadljudskim naporima svih, uključujući i Vas, grad se počeo odmah raščišćavati. Radilo se neprekidno, bez odmora, u teškim uvjetima, ali s ciljem da se uspostavi prekinuto opskrbljivanje lijekovima, hranom, strujom, vodom, šatorima, telefondkim vezama.

Kasnije, velikom solidarnošću, u kojoj je bila učesnica i vaša država i vaši građani, Skoplje je brzo prevladalo tešku krizu, pri čemu je cijelo obnovljeno i danas izgleda kako prava europska metropola.

Vi i vaša brigada dio ste heroja tragičnih trenutaka Skoplja. Vaša bezgranična požrtvovanost utkana je u živote dijela spašenih građana Skoplja, kao i u današnje suvremene obrise grada.

S dužnim poštovanjem građani Skoplja Vam izražavaju bezgraničnu zahvalnost. Makedonija i makedonski narod vječno će čuvati uspomenu na vašu požrtvovanost i solidarnost u tadašnjim tragičnim trenucima.

Zapravo, ova tragedija je postala dio inače dubokih i davnih prijateljskih veza hrvatskog i makedonskog naroda.

Želimo Vam mnogo zdravlja i sreće!

S poštovanjem,

Vladimir Krstevski, otpravnik poslova

---

Poštovani brigadiri,

Molim vas da me ispričate zbog nemogućnosti da danas budem među vama.

I pored velike želje, radne obveze mi nisu dopustile to zadovoljstvo. Da se ne bi osjećali zaboravljenima i da vam pokažemo da vas Skoplje pamti, pogledajte gore - na nebu sija jedna zvijezda samo za vas, za ljude koji su učinili sve da Skoplje od istinskog simbola stradanja postane prepoznatljivo ime za vjeru i nadu, te jedinstveno mjesto na svijetu gdje je prodefilirala planetarna solidarnost.

U svoje ime, u ime građana Skoplja, u ime vašeg prijatelja, tadašnjeg komandanta Dragoljuba Stavreva, pozdravljam Vas i upućujem iskrenu zahvalnost za sve što ste učinili za Skoplje!

Iskreno vaš,

Ристо Пенов
Градоначалник на Скопје

# U Ohridu predstavljen Zbornik radova "Dani Dimitrija i Konstantina Miladinova"

Veoma bogati program XXX. Znanstvene konferencije, održane u okviru XXXVI. Međunarodnoga seminara za makedonski jezik, književnost i kulturu od 11. do 13. kolovoza 2003 u Ohridu, još jednom je potvrdio osmišljenost koncepta sastavljenoga od znanstvenih izlaganja i predstavljanja recentnih književnih naslova.

Poslije svečanoga otvorenja Konferencije predstavljen je Zbornik koji sadrži znanstvene radove s prošlogodišnjega skupa te nezaobilazni časopis "Literaturen zbor". Zbornik od dva sveska s preko 900 stranica predstavili su Lidija Arizanovska i Tomislav Todorovski, a kao glavni i odgovorni urednik potpisao ga je prof. dr. Maksim Karanfilovski, rukovoditelj Seminara.

Prošlogodišnja znanstvena konferencija bila je posvećena "Doprinosu Blaže Koneskog u razvoju makedonskoga jezika, književnosti i kulture", ali su predstavljene i posebne teme. Lingvistička sekcija je temetizirala "Odnos između leksike i gramatike" te "Makedonski jezik prema drugim jezicima", dok se književna bavila "Braćom Miladinov - inspiratorima duhovne renesanse makedonskoga naroda" i "Makedonskom književnošću prema drugima".

Prvi svezak podijeljen je na tri tematske cjeline: Jezik, Književnost i Kulturu i povijest, a sadrži tematski različite sadržaje iz tih područja. U drugom svesku predstavljeni su znanstveni radovi iz navedenih tematskih područja. Posebnu intonaciju i značaj ovom svesku pružaju prilozi posvećeni opusu Blaže Koneskog.

Ovogodišnja jubilarna XXX. Znanstvena konferencija problematizirala je "Ilinden - jezik, književnost i kulturu", dok je plenarna sjednica bila posvećena knjizi "O makedonskim stvarima" (За македонцките работи" Krste P. Misirkova (povodom 100. godišnjice objavljivanja). Sljedeće dvije književne teme - "Aco Šopov - 20 godina od smrti" i "Makedonska književnost prema drugima" - te lingvističke - "Лингвистичка терминологија во македонскиот јазик" i "Makedonski jazik prema drugim jezicima" - ponudile su brojna nova i izazovna gledišta o makedonskom jeziku i književnosti u širem lingvističkom i književnom kontekstu. Najveći broj sudionika Znanstvene konferencije došao je iz makedonskih znanstvenih institucija (fakulteta i instituta). Taj podatak nije samo formalne naravi, jer govori o izuzetnom zanimanju za znanstvena istraživanja, visokoj razini znanstvene metodologije i primjerenom broju mladih znanstvenika okupljenih u objema sekcijama. Znanstvenici iz inozemstva (npr. Rusije, Njemačke, Rumunjske, Slovenije, Hrvatske, Poljske, Srbije, SAD i dr.) predstavili su širinu svojih makedonističkih interesa koji su tijesno povezani sa širenjem relevantnih spoznaja o makedonskom jeziku, književnosti i kulturi.

Sasvim praktični dokaz tomu su i promocije triju knjiga novosadskoga profesora makedonske književnosti dr. Radomira Ivanovića te predstavljanje koncepcije studija makedonistike na moskovskom Lomonosovu, koju je izradila prof. dr. Rina Usikova, ali i upoznavanje s novim književnim naslovima iz Slovenije i Hrvatske.

Naime, na XXX. Znanstvenoj konferenciji predstavljena je knjiga prof. dr. Vladimira Osolnika i prof. dr. Dragija Stefanije "Makedonska dramska besedila" (Makedonski dramski tekstovi" (Ljubljana, 2002., 2003.) te Zbornik radova (Zagreb, 3003.) u kojem su objavljeni prilozi s "Dana Dimitrija i Konstantina Miladinova" održanih u Zagrebu i Đakovu, 23. i 24. lipnja 2001. godine.

Predstavljač "Makedonskih dramskih besedila bio je dr. sc. Borislav Pavlovski, izv. prof., a Zbornika radova "Dani Dimitrija i Konstantina Miladinova" ljubljanski profesor u miru dr. sc. Dragi Stefanija. Makedonski (ali i inozemni) znanstvenici pokazali su zanimanje za zagrebački Zbornik radova i najavili odgovarajuće predstavljanje u Skoplju do kraja ove kalendarske godine.

B. P.

# ИЗБРАН Е СОВЕТОТ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО НА ГРАД ЗАГРЕБ



*Седница на Советот*

Врз основа на член 1 од Одлуката за давање овластение за свикување седници за конституирање на советите за национални малцинства (Народне новине 97/03), градоначалницата на Град Загреб, Власта Павиќ дипл. прав., ја свика првата седница за конституирање на Советот на македонското национално малцинство на Град Загреб.

Седницата се одржа на 9 јули 2003 година во Градското поглаварство.

Како гост присуствуваше Владимир Крстевски, вршителот на работите на Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска.

На седницата присуствуваа 21 од 25 членови од предложената Изборна листа на Советот.

Седницата ја отвори доградоначалникот Стипе Тојчиќ и го предложи следниот дневен ред:

1. Избор на водителот на седницата,
2. Основање и именување на членови на Мандатното поверенство,
3. Извештај на Мандатното поверенство за проведените избори за членови на Советот на македонското национално малцинство на Град Загреб,
4. Заклучок за прифатениот извештај на Мандатното поверенство и верификација на мандатот на членовите на Советот,
5. Заклучок за именувањето на два члена на Советот за проведба на тајното гласање за избор на претседател и потпретседател на Советот,
6. Избор на претседател на Советот на македонското национално малцинство на Град Загреб,
7. Избор на потпретседател на Советот на македонското национално малцинство на Град Загреб,
8. Донесување на Статутот,
9. Избор на работно тело за изработка на Предлогот за програм за работа на Советот во 2003 година,



*Честитки за претседателот на Советот Анастас Оџаклиески*

**25 членови на Советот:**

1. Апостолоски Томе
2. Царев Ванчо
3. Димова-Петернел Лилјана
4. Дукиќ Калијана
5. Ѓапиќ Лена
6. Фурст Рената
7. Гиговски Марјан
8. Гроздановски Никола
9. Грујоски Томислав
10. Хузјан Вита
11. Илиевски Никола
12. Јовески Вукашин
13. Коретиќ Славица
14. Ловењак Слободанка
15. Ничота Михаило
16. Оџаклиески Анастас
17. Рабузин Анка
18. Стефановски Трајан
19. Стојковски Горан
20. Шестан Цветанка
21. Шимуниќ Костадинка
22. Штерјов Благој
23. Танатарец Кирил
24. Тошанов Лазар
25. Трајковски Никола

10. Избор на работно тело за изработка на Предлогот на финансискиот план за 2003 година,

11. Утврдување на предлогот за кандидат за член на Советот за национални малцинства,

12. Разно.

Према Правилникот за водење на седницата за претседател е избран Трајан Стефановски, најстар член од предложената Изборна листа на Советот.

За претседател на Мандатното поверенство избран е Марјан Гиговски, а за членови Славица Коретиќ и Анка Рабузин.

Мандатното поверенство поднесе извештај за проведените избори за членови на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб. Извештајот е прифатен и верифициран е мандатот на 25 членови на Советот.

Во понатамошната работа Вита Хузјан и Ванчо Царев избрани се како членови на Советот за проведба на тајното гласање за избор на претседател и потпретседател на Советот.

За претседател на Советот беа предложени три кандидати, а по третиот круг на гласање избран е Анастас Оџаклиески.

По неговиот избор, претседателот Оџаклиески продолжи да ја води седницата.

За потпретседател на Советот избран е Томислав Апостолоски.

По осмата точка на дневниот ред предложен е Статут на Советот, амблем - шеснаестокраково сонце, Билтен и WEB страница.

За членови на работно тело за изработка на Предлогот на програмата за работа на Советот во 2003 година избрани се: Лена Ѓапиќ, Славица Коретиќ, Михаило Ничота, Лилјана Димова - Петернел и Лазар Тошанов, а за членови на работно тело за изработка на Предлогот на финансискиот план за 2003 година избрани се: Томислав Апостолоски, Марјан Гиговски, Никола Илиевски, Вита Хузјан и Никола Трајкоски.

Најбурен дел од седницата беше предлогот и изборот на кандидатот за член на Советот за национални малцинства при Владата. Во Советот за национални малцинства ќе се изберат уште 7 членови (18 се именувани) од поголем број на малцинства во Град Загреб.

На седницата беа предложени 5 кандидати, али на листата за гласање беа прифатени двајца: Горан Стојковски и Томислав Зојчески за кои беа изнесени кратки биографии и нивната досегашна успешна работа во Заедницата на Македонците.

Со тајно гласање за кандидат за член на Советот за национални малцинства, избран е Томислав Зојчески.

Се надеваме дека избраниот Совет на македонското национално малцинство во Град Загреб, и сите поединци во раководните тела достојно ќе ги претставуваат Македонците кои живеат во Загреб и ќе ги задоволат нивните потреби за обогатен културен живот.

М. Паризоски



## АНАСТАС ОЏАКЛИЕСКИ

Роден е во Крушево 1950 година. Основно и средно училиште заврши во Скопје, а факултет во Загреб. Оженет е, и татко на двајца возрасни синови.

Во професионалната дејност работеше во струката како комерцијален раководител во едно реномирано загрепско претпријатие, а сега води сопствено приватно претпријатие.

Активен е член во Заедницата на Македонците и МКД "Крсте Мисирков" од 1996 година во секциите и управата. На вонредното овогодишно собрание избран е за претседател на МКД "Крсте Мисирков".

Со неколку членови на друштвото беше иницијатор и организатор на изборите за формирање на првиот Совет на македонското национално малцинство за Град Загерб.



Претставниците на Амбасадата на Република Македонија ги пречекуваат гостите



Ден на државноста 8 септември. Гости во Хотелот Шератон

# МЕЃУ ДВА БРОЈА — IZMEĐU DVA BROJA



Милан Бандиќ на приемот во Шератон



Амбасадорот Махи Несими со Македонците




Стојанка Тежак со музичката група "Боеми" од Битола во Самобор



Македонско оро и песна во Самобор



*Претседателот на Заедницата Илија Христодулов полага венец на бистата на Кочо Рацин во Самобор*



*Пред бистата на Кочо Рацин говори директорката на Музејот во Самобор*



*Дуетот Селимова - Желчевски и групата "Боеми" во Самобор*



*Фолклорниот ансамбл "Тоска" од Штип на плоштадот во Самобор*



*Гости: Бригадири на Осиечката бригада во Самобор*



*Одбележување во Осиек на 40 годишнината од земјотресот во Скопје*

# СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ВО ЗАГРЕБ



*Доаѓање на Претседателот на средба со Македонците*



*Срдечен дочек во Банските дворови*



*Заемно информирање во срдечна атмосфера*



*Претседатолот и неговите соработници со внимание ги пратат излагањата*



*Претседатолот со Македонските претставнички*



*Претседатолот на на Заедницата на Македонците "Илија Христодулов" се заблагодарува на Претседателот*

### 37 МЕЃУНАРОДНА СМОТРА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ЗАГРЕБ

# ОБИЧАИ, ПЕСНИ И ОРА



*Фолклорната група "Оро" на МКД "Крсте Мисирков" од Загреб*

Овогодинашната 37 Меѓународна смотра на фолклорот во Загтреб одржана е од 16 до 20 јули 2003 година под покровителство на Хрватскиот сабор. Посветена е на богатството на малцинските заедници кои живеат во Хрватска. Албанци, Австријанци, Бошњаци, Црногорци, Чеси, Македонци, Унгарци, Германци, Роми, Русини, Словаци, Словенци, Срби, Талијани, Украинци, Евреи - сите тие ја обогатуваат културната и етничката слика на Хрвартска. Многу од нив имаат културна и фолклорна друштва кои, измеѓу другото, младите членови на заедницата ги запознаваат со музичкото и фолклорното богатство на својот народ. Повеќе од нив негуваат и прикажуваат одбрани облици на тоа богатство: игри, музика и носија која се препознава како национална и културна посебност на матичниот народ. На смотрата настапија и хрватска фолклорна друштва и фолклорни и музички ансамбли од странство, од скоро целиот свет, од Бугарија, Гана, Индија, Израел, Литва, Нигерија, Кореја, Полска и др. земји.

Покрај настапот на учесниците, загрепската смотра на фолклорот има и попратни приредби: изложби, концерти на народна црковна и етно музика, проекција на филмови и др. Повеќе од тие попратни приредби се со одбрана тема, а тоа значи дека ќе го претставуваат богатството на националните малцинства во Хрватска.

МКД "Крсте Мисирков" од Загреб на оваа меѓународна смотра ги преставуваше Македонците кои живеат во Хрватска. Настапи со своите секции: фолклорната група "Оро", пеачката група "Распејана Македонија" и музичката група "Т"га за југ".

На свечената приредба која се одржа на 18 јули на Градец, на Загрепчаните се претставија сите учесници. Пред преполното гледалиште свеченоста ја отвори претседателот на Хрватскиот сабор Златко Томчиќ.

За прв пат до сега на смотрата се претставија дури дванаесет групи на национални малцинства кои живеат во Хрватска. Како секоја група, така и Македонците кои живеат во Загреб, со песна и игра, со своите обичаи, а посебно со прекрасните народни носии ги возбудија Загрепчаните.

На 19 јули на бината на Градец во целовечерниот концерт настапија сите фолклорни групи на националните малцинства во Хрватска. Забележителен настап имаа изводителите на МКД "Крсте Мисирков" со ората "Заблеало рудо јагне", "Тргнало ми лудо младо на солунски пазар" и "Пајдушкото".

М. Паризоски

## НАСТАП НА МКД "КРСТЕ МИСИРКОВ" - ЗАГРЕБ ВО ЛИПОВЉАНИ НА 23 8 2003 г.




*Празник на фолклорот, обичаите ...*

## МКД "КРСТЕ МИСИРКОВ" НА "5-ти ЕТНО-ФОЛК" ВО КРАЊ

На 14 06 2003 г. МКД "Крсте Мисирков" од Загреб настапи на традицилниот "5-ти ЕТНО-ФОЛК" во Крањ - Република Словенија. Оваа манифестација и овој пат успешно ја организира МКД "Св. Кирил и Методија" од Крањ.

На приредбата настапија преку 15 културни друштва од разни малцински здруженија од Република Словенија и надвор од неа.

МКД "Крсте Мисирков" од Загреб настапи со сплет на народни песни а настапот го заврши со инструментална изведба на изворни народни ора, во исполнение на пеачката група "Распеана Македонија" и оркестарот "Т'га за југ".

Успешниот настап многубројната публика го награди со долготрајно искрено ракоплескање.

По завршувањето на програмскиот дел, нашиот престој во Крањ го продолживме со дружење со гостољубивите домаќини како и со претставниците на другите македонски и други друштва, и со преставничката на амбасадата во Република Словенија, г-ѓа Чаушевска. Заеднички е констатирано дека премалку контактираме и разменуваме искуства како и програми. Се договоривме да ги интензивираме нашите средби и програми и тоа веднаш по завршувањето на летниот период и завршување на одморите.

Анастас Оџаклиески

# РИЕЧАНИТЕ НА ИЛИНДЕН ВО САМОБОР

По повод овогодишното организирано одбележување на јубиларниот ИЛИНДЕН, во Самобор како и секоја година македонските здруженија и оваа година на прекрасниот Спортско-рекреациониот центар "Вугриншчак" се собраа голем број Македонци, нивни гости и пријатели, да го одбележат "Илинденот" поточно "100 ГОДИНИ ИЛИНДЕН 1903-2003".

МКД "ИЛИНДЕН" од Риека, се организира и навреме ги анимира своите членови за пат во Самобор, што во почетните моменти се мислеше да се оди со еден автобус. Набргу се виде за зголемениот интерес за прославата како и за приликата во Самобор да се сретнат пријатели и понекоја роднина, па наместо педесетина се пријавија преку сто члена. Оваа пригода да многумина членови на Илинден се пријават за прославата, ни зборува дека на нас Македонците ни требаат вакви и слични собири и дружења, па ни 200 километри дури и за некои многу постари членови не преставуваат голем терет. Во Македонија, но и секаде каде живеат Македонци овај голем празник достоинствено се одбележува. Илинден е празник кој кај секој Македонец буди озрачие на национално единство, на желба за вечна слобода, рамноправност и да си е на своето.



*Орото го поведе претседателот Илија Христодулов*

Доаѓањето во Самобор има обележје на заеднички собир, дружења, меѓусебна познанства, забава а што е најважно да се со звуците на изворната македонска музика заигра, развесели и да се понешто заборави од многуте грижи од секојдневието.

Во Самобор во културниот програм настапи Гена-Евгенија Јовановска со неколку свои песнички од својот опус, што пишува онака за разбијгрижа, а понекогаш во клубот на "Илинден" нѐ изненадува и нѝ прочитува по некоја од најновите песни. Во програмата настапи и нашиот армоникаш 13-годишниот Даниел Томљеновиќ, кој од своите 4 години не се одвојува од својата армоника.

В. Н.

# Концерт на пијанистката Ана Гацева во Загреб

Прославата на големиот македонски празник Илинден продолжи и во Загреб, со еден многу успешен концерт. Имено, во Црквата Света Катерина, а во рамките на "Загрепските летни вечери", рецитал одржаа кларинетистот Бруно Филип и македонската пијанистка Ана Гацева. На програмата беа неколку музички бисери од светската класика, а нивната интерпретација ја воодушеви публиката.

Ова дуо постои кусо време, а создадено е во Париз. Имено, кога Филип и Гацева на Музичката академија на познатиот универзитет Сорбона ги посетуваа своите магистерски студии почнаа со свои заеднички настапи, кои наидоа на одличен прием.

- Токму поради тоа, за "Македонски глас" изјави Ана Гацева, решивме тие наши концерти од Париз да ги пренесеме и во други земји. Нашиот настап во Хрватска е прв на овие простори, за што ни е особено драго, затоа што загрепската публика отсекогаш знаела да ги цени добрите уметници. Нашите настапи ќе продолжат понатаму, а веќе во септември ќе настапиме и во Македонија.

Ана Гацева, иако со неколкугодишен концертен стаж, се смета за еден од надежите на македонските инструменталисти. Таа е дипломец на Факултетот за музички уметности во Скопје во класата на Стела Слејанска, каде моментно ги посетува поз-дипломските студии. Во Париз Гацева студирала камерна музика, а се усовршувала и кај познатите Моник Дешозес и Рамзи Јајс и на познатата летна академија во



*Ана Гацева и Бруно Филип*

Салзбург "Моцартеум". Нејзината биографија ги бележи солистичките и со оркестар настапи во Дрезден, Софија, Виена, Белград, Скопје, Париз и Салзбург, а наскоро очекува да настапи како солист на концертите што со Македонската филхармонија ќе ги одржи во Киев и Москва.

- Музиката е мојот живот, вели Ана Гацева. Посебно ме радува кога публиката ги чувствува вибрациите на нотите што ги интерпретирам, како што се случи и овојпат во Загреб, во прекрасниот акустичен амбиент на Црквата Св. Катерина. Се надевам дека наскоро повторно ќе настапам во Хрватска, секако откако ги остварам зацртаните планови за оваа година.

М.А.В.



# Бојана Хајдиќ, Задар

## ЉУБОВ

Ме прашаа: Да ли знаеш да сакаш?
Им одговорив: Не знам да мразам!

Ме прашаа: Да ли знаеш да се смееш?
Им одговорив: Не знам да плачам!

Ме прашаа: Да ли знаеш да проштеваш?
Им одговорив: Не знам што е одмазда!

Ме прашаа: Да ли си богата?
Им одговорив: Никогаш не сум била сиромашна!

Ме прашаа: А како се викаш?
Им одговорив: ЉУБОВ!

## DVOBOJ

*Porazi me Svijete*
ako možeš.
Izazivam te!

Porazi moj smijeh
koji će uvijek biti jači
od tvoje grmljavine.

Porazi moj pogled
koji će uvijek vidjeti dalje
(i ljepše)
od tvoje sadašnjosti.

Porazi me Svijete
ako se usudiš.
Izazivam te!

Usudi se nadjačati moju pjesmu!
Usudi se prekinuti moj ples!

Porazi me Svijete.
Izazivam te!
Porazi Svijete
Moj Svijet

ako se usudiš!

**Осиек**

# УСПЕШЕН НАСТАП НА "ВАРДАРКИ"

По повод одбележувањето на Денот на Градската четврт "Доњи град" и жупниот год на црквата на Преславното име Маријино на 12 септември 2003 години во Детскиот театар во Осиек се одржа пригодна свеченост.

Гостите и присутните ги поздрави претседатолот на Градското веќе, госп. Марко Багариќ.

Во пригодната културно-уметничка програма учествуваа Македонското културно друштво "Браќа Миладиновци" од Осиек со вокалната пеачка група "Вардарки" и солистите Милка Маѓариќ и Бране Вујадиновиќ, на клавијатура Јанко Поповски, хорот на Матицата на пензионерите на Хрватска, здружение во Осиек, црквениот хор на црквата "Преславна имена Маријина" и Културно уметничкото друштво "Матија Губец" Од Долни Михољац. На крајот од свеченоста претседатолот Марко Багариќ на учесниците во програмата им врачи благодарница (захвалница). Б.Ј.


REPUBLIKA HRVATSKA
ŽUPANIJA OSJEČKO-BARANJSKA
GRAD OSIJEK
GRADSKA ČETVRT "DONJI GRAD"
VIJEĆE GRADSKE ČETVRTI
OSIJEK

ZAHVALNICA

MAKEDONSKOM KULTURNOM DRUŠTVU

BRAĆA MILADINOVCI OSIJEK

za pomoć i sudjelovanje u obilježavanju Dana Gradske četvrti "Donji grad" i župnog goda crkve Preslavnog imena Marijina

GRAD OSIJEK

# НАСТАП ВО САМОБОР




*Вокалната група "Вардарки" и солиската Милка Маѓариќ*

# КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА

Илинденската епопеја останува златна страница во историското минато на нашиот народ. Таа, со масовноста, по херојството и решителноста на нејзините борци, израстува во извишен врв на национално-револуционерната борба, што така предадено и така саможртвено ја организираа и ја водеа најдобрите синови на македонскиот народ, сомисленициите и соборците на Гоце Делчев. Но, ако таа борба има свој зенит, секако, тоа е Крушевската Република. Од повеќе причини, и најнапред - дека таа отвора една нова димензија во нашата национално - револуционерна борба.

И, уште веднаш. Нејзините Десет дена, тоа се незаборавни Десет дена на Македонија. Таа, во крајна линија, се јавува како израз на најнапредното, најпрогресивното кај востанатите маси. Таа се јавува како израз на нивната свест, на нивната волја, на нивната решеност за самостојност, за независност, за слобода.

Во пресеците на тогашната балканска политичка состојба и односи, во ситуација кога ниедно друго национално-револуционерно движење кај соседните народи на своите знамиња ги немаше оние принципи, врз кое се темелеше нејзиното создавање и внатрешно устројство, јасно и недвосмислено објави, дека Македонија е решена сама да ја кове својата судбина, според сопствената мерка и разбирање.

Таа, значи, не само што насочи кон еден нов квалитет, една нова содржина, нова суштина во нашето национално-револуционерно движење, туку укажува на реалните, единствено мошни решенија на националните прашања, посебно на македонското национално прашање, во комплексот на тогашните горливи балкански проблеми и изнакрстени интереси на владеечките буржоазии.

Крушевската Република, сама по себе, беше најсилниот манифест на македонскиот народ за неговата судбинска определеност за револуционерните идеали и револуционерниот демократизам, за вистинските интереси на националното дело. А Манифестот



*Крушево: Споменикот Илинден*

на Крушевската Република, тоа **кредо** на востанатата Македонија, тој непреценлив историски документ, дојде како неотстапна потврда за таа определеност, за тие идеи и идеали. Неговата длабоко револуционерна, длабоко хумана, длабоко демократска содржина, јасно укажува по кои патишта тргнала нашата национално-револуционерна борба. Тоа се патиштата на меѓусебно разбирање, што води до срцата на сите потиснати и сите експлоатирани, тоа се патишта што водат во отвотрена, доследна битка против тиранијата и националната и социјална неправда.

Да не ги заборавиле оние топли, човечки зборови на Манифестот, кои говорат дека сите луѓе се браќа и дека сите се должни, заради сопствената иднина, заради заедничкиот подобар живот, да се наредат во единствена сплотеност против сите оние, чии што занает е маката и неволјата на обесправената раја, без оглед кои се и што се, и на која нација ѝ припаѓаат.

Оценката на еден ваков историски настан, бездруго, бара и време, и труд, и подолготрајно научно изучување и увид во зачуваните документи. Меѓутоа, се чини, нема да се згреши, ако се рече, дека во Крушевската Република, низ низата нејзини државно - правни акти, се согледува влијанието на најпрогресивните идеи, што тогаш го брануваа современиот свет.

Затоа и е, и ќе биде: Крушево - револуционерно одушевување, што ни вдахнува сила и што не прави горди.

М. П.

# "БОЈОТ ЗАПОЧНА,

Внатрешната македонска револуционерна организација која е основана во Солун во 1893 година беше организатор на народната револуција која се припремаше. Под нејзино раководство Македонија се покри брзо со револуционерна мрежа и идејата за револуционерно куткање на турскиот апсолутизам зафати широк масовен корен. Целиот народ се стече во нејзините редови и трескаво работеше на своето оружување и подготовка за дигањето на таа револуција.

При укупното дејствие на сите друштвени и политички сили, економски услови и околности и укупното учество на целиот македонски народ, раководен од неговата револуционерна организација - дојде до Илинденското востание.

Востанието зеде најшироки размери во Западна Македонија, главно во крушевската, битолската, ресенската, костурско-леринската, кичевската и прилепската околија. Но најкарактеристично и од голема историска важност е востанието во Крушево, кое беше ослободено и цели десет дена држано под народна власт.



*Питу Гули*

По од напред направен план, датата на востанието беше одредена за 2 август, на Илинден. Во Крушево беше се́ подготвено за тој ден, и на полноќ на таа дата пукна уговорениот сигнал. Одеднаш од сите страни запукаа пушки, се чуја викање "ура" и камбаните на трите цркви: македонската, влашката и грчката. Сиот народ се стекна по улиците, машко и женско почнаа да плачат од радост, да се бацуваат и да си ја честитаат слободата. Куќата на Градското управление беше нападната со еден одред и превземена. Паднаа и сите други државни згради, а фамилиите на турските чиновници беа одведени во засебни куќи. Останаа само 60 турски војници да се бијат. Одеднаш од југ се зададе со својата чета Питу Гули, по народност Влах. Војниците во касарната беа од секаде опсадени. Неколку храбри четници се приближија сосема до неа и ја запалија со газија. Само мал број војници побегнаја, другите беа истепани. Утрината дојде од гората Никола Карев со својата чета. Тој беше млад, но многу умен и напреден човек, по убедение социјалист. Народот ликуеше од радост. Веднаш се свика народно собрание од 60 највидни граѓани од сите народности, македонски Славјани, Власи и Грци. По двајца од секоја народност влегоа во комисијата од 6 души, која го зеде управувањето над градот. Тоа беше првото народно републиканско управление, во првиот слободен град во Македонија, симболизирајќи го неговото народно единство. Управлението владееше во легендарната Крушевска Република цели десет дена, при тогај невиден ред, мир и одушевление. Оно водеше есап за сите нужди на востанието и на народот, и во форма на прва македонска народна власт издаде еден Манифест од грамадно историско значение. Тој Манифест беше управен до блиските турски селани, кои требаше при борбата да го постигнат народното единство по углед на Крушевчани. Тој е цела декларација на првата македонска Република, оти го содржува сиот нејзин социјален, народностен и правен проглас. Тој е напишан на красен народен јазик и одушевува со секој свој свој збор. "Браќа, земјаци и мили комшии..." почнува Манифестот, "ние, вашите вечни комшии и познаници од уба-

# ГОРЕ КРУШЕВО. . ."



*Црешевото топче од Илинденското востание*

вото Крушево и неговите китни села, без разлика на вера и народност, не можејќи веќе да ја трпиме тиранијата, што гледат и нас и вас да дотерат до питачки стап, а нашата богата и мила страна да заприлега на пустиња, денеска дигнавме глава и решивме со пушки да се браниме од тие ваши и наши душмани, да здобиеме слобода. Вие мошне арно знаете оти ние не сме лоши и разбирате оти од мака си кладовме главата во торба за да заживееме или умреме јуначки".

Илинденската епопеја, таа крвава македонска драма, длабоко е врежана во свеста на нашиот човек. Револуционерните традиции од тој голем македонски Илинден, од 2 август 1903 година, преку најразлични форми се пренесувале од колено на колено, а Мечкин Камен, таа голема македонска голгота, тој окрвавен камен, на секој чесен Македонец и за оној што живеел под ова парче македонско небо, на овие балкански ветрометини е присутна и ќе остане со сета своја големина, восхит, но и обврска за почит.

Просторот Мечкин Камен претставува епопеја сама за себе и е вкоренета длабоко во душите на нашиот човек како симбол на јунаштво и саможртва, а националниот борец - јунакот Питу Гули, емотивно ги поврзувал идните револуционери... на илинденските наследници, како што испеал нашиот народ... "Бојот започна, горе Крушево, горе Крушево на Мечкин Камен..." да навраќаат и да се собират на овој врв, на овој споменик, на височините на непокорот, на натчовечките борби кој ги вдахнувал поколенијата што доаѓале по нив, на тој окрвавен камен, каде јунакот Питу Гули, пред своите четници, пред големата битка за одбрана на Крушевската Република рекол... "Овде, каде што се родив и растев ќе останам, на Мечкин Камен, на високо гроб да си најдам, во пазувите на горета...", за потоа да заврши со... "Јас останувам со народот да ја испијам горчливата чаша..."

Токму затоа и Мечкин Камен и легендарниот Питу Гули, претставувале патоказ на идните борци кои се бореле за националната и политичка слобода на својот народ.

*(Прилози за Илинден. Крушево 1981 година)*

М. Паризоски



*"Мечкин Камен" - симбол на македонскиот хероизам и саможртва*

# ДЕСЕТТЕ ДНИ БЕЛИ

Кои беа општите белези на времето, во кое избувна Илинденското востание, што како свој врв ги има десетте дни на Крушевската Република? Пред сé, тоа се условите на тешка економска и политичка криза, што од темел ја разниша Османската Империја.

Големите региони на најплодната земја во Македонија, со цели села, им припаѓаа на чифликсајбии, паши ,бегови и разни аги, кои на најпримитивен, потполно исцрпувачки начин, го експлоатираа обесправеното население, фрлајќи го во крајна беда. Властите беа потполно немоќни, а не беа ни расположени, да го земат во заштита тероризираното население. Луѓето повеќе не можеа да се помират со понижувачкиот јарем на ропството и, напоредно со распламтеното будење на националниот дух, доаѓаше и сознанието, дека излезот од патилата и економската беда се наоѓа во соборувањето на османскиот систем и во организирана борба за национално и социјално ослободување.

Новата народна интелигенција, што потекнуваше од редовите на поробените народни маси стана мобилизатор и организатор на масите кон отворен отпор и револуционерна борба. Краен израз беше создавање на Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО), на чело со големите идеолози и организатори: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Даме Груев и др. Ликот на Организацијата го означи мислата и геслото на великиот Гоце: "Осло-бодувањето на Македонија може да биде дело на самите Македонци". Таа мисла најде свое врвно оделотворување во деновите на Илинденската епопеја и Крушевската Република.

Истакнатите македонски социјалисти и револуционери Никола Карев и Веле Марков врз политичка платформа на револуционерната организација на Гоце Делчев ги обединија сите еднакво поробени Македонци, Власи, Албанци во хуманите и демократските идеи за братството меѓу луѓето.

Штабот на крушевските востаници - Горското началство, испрати окружно писмо до раководителите на Крушевскиот околиски револуционерен комитет и началниците на влашките, албанските и други борбени групи во кое ги повикува на оружена борба. Во него се вели: "Гориме од нестрпливост и одвај чекаме да падне ноќта и да го преземеме Крушево, . . . Да живее слободата и рамноправноста меѓу македонските народности".

Воените акции на востаниците почнале уште ноќта, наспроти 2 август, со задача да се заземат касарната, општината, поштата и поважните пунктови во градот. Вакви воени групи имаше осум, и во нив беа распоредени 750 востаници, под команда на одделни војводи.

Со чукањето на камбаните на црквата "Свети Никола" пукна и првата востаничка пушка кај касарната. Набрзо беше заземена, а турскиот командант успеа да побегне. Без отпор беа заземени и другите установи.

Веќе на 3 август, Крушево било наполно ослободено, а на 4 август, во градот свечено влегува востаничкиот Штаб, на чело со началникот Никола Карев. Крушевчани, со огромно воодушевување и радост го пречекаа и поздравија Штабот, гледајки во него весник на со векови очекуваната слобода.

По тој повод, началникот на Горскиот штаб, Никола Карев, им одржа на граѓаните пламен револуционерен говор, кој уште повеќе ќе го подигне моралот и ентузијазмот кај населението.

Уште истиот ден, на 4 август , Штабот свика општ народен собир, на кој е избрано Правителство (Влада) во кое влегоа по два претставника на Македонците, Власите и Албанците. Главен организатор беше началникот на Горскиот штаб Никола Карев.

Членовите на ова Правителство беа на чело на извршни органи - комисии (внатрешен ред, финансии, снабдување, изградба, хигиена и револуционерен суд).

Веднаш е извршена национализација на двата млина во градот и сите градски пекарници. Извршен е попис на сиот добиток во Крушево и околината. Оданочени се поимотните граѓани, а беше распишан и востанички заем. Покрената е мобилизација на уште 1200 души.

Прибирањето на жетвата од полето е извршена под заштита на востаниците кои секојдневно водеа борби со турскиот аскер од прилепските и кичевските села. Жито и брашно

на сиромашните им е делено бесплатно. Сите занаетчии (сарачите, опинчарите) беа ангажирани да работат за потребите на војската. Во леарницата се лееја оловни и калајни куршуми. Беа собрани многу бакарни садови. Во арсеналот се вршени поправки на оружјето. Мајсторите од Селце направија чрешово топче, кое при првото пукање се распука. Потоа, беше направено уште едно но тоа востаниците не успејаа да го искористат, што им падна во раце на турските војници. Запленетото топче беше, потоа, префрлено во Цариград и сместено во Воениот музеј.

Раководството знаеше дека се ближи крвавата пресметка со многубројни турски војски и за таа цел беа преземени мерки за утврдување на градот. Со учество на народот, околу градот беа ископани длабоки ровови, замаскирани со зеленило.

За овај историски настан имаше и позитивни одзиви од страна на турските власти. Кметот од село Алданци пратил писмо до востаниците: "Сфативме од вашето писмо (Манифестот), дека не сте лоши луѓе, дека не сте ги напуштиле домовите за да го напаѓате мирното население, туку сте се дигнале против лошите луѓе и уќиматот, што ги штити. Но оние, кои вие ги барате, не се меѓу нас, а побегнаа во градовите. Што се однесува до нас, ви ветуваме дека ќе останеме мирни".

На десетиот ден, во рани зори, востаничките претстражи јавија дека кон градот, од сите страни, се движи голема турска војска. Тоа, всушност, беше корпус од многуилјадната војска под команда на Бехтијар паша. Во составот на корпусот се наоѓаа пешадиски, артилериски, коњички и други воени единици.

Кога османските војски и башибозлуци ги заседоа позициите спроти востаничките ровови, Бехтијар паша испрати парламентар во Горскиот штаб, со понуда, градот да се предаде без борба. На ова понуда Горскиот штаб одговори: "Востанавме не да се предаваме, туку да се бориме за слободата на Македонија."

Наспроти многуилјадната турска војска, градот го бранеа 1200 востаници.

По артилериска подготовка, османските војски тргнаа во напад. Борбата беше жестока, се водеше за секоја педа земја, за секој чукар и рудина. Најпосле, илјадните османски порои плиснаа и низ улуците на градот, сега борбата се водеше за секоја куќа. Надмоќната сила го кршеше отпорот на малубројните востаници, но тие гинеа храбро, свесни дека животите ги даваат за слободата на целиот народ, за подобра иднина.

Последната битка против турскиот аскер ја водеше легендарниот војвода Питу Гули, со својата чета, кај месноста Мечкин Камен.

Бехтијар паша и тука испратил парламентар, а Питу Гули му пратил одговор: "Нема ли слобода - има смрт".

Турската војска упорно настојуваше да го уништи последното жариште на оружениот отпор, но востаниците под командата на Питу Гули гинеа и не отста-пуваа. Борбата се водеше гради в гради. Во еден момент, војводата Питу падна прони-жан со аскерски куршум. Паѓајќи, смртно погоден, тој успеа на своите борци да им го упати последниот завет: "Не плашете се, продолжете ја борбата... приберете ми ја пушката...". "А кој ќе ги прибере нашите пушки", праша еден од востаниците, нагласувајќи ја решеноста, да не отстапат од браникот на Крушевската Република.

Пред величината на херојскиот подвиг, војничката чест на Бехтијар паша не можеше да остане рамнодушна. Возбуден од настанот, тој им нареди на своите војници, да му оддадат почит на херојскиот непријател.

Но потоа, по разгромот на востаничките сили, аскерот и башибозлукот пристапија кон репресалии и одмазда. Настана убивање, грабеж, претепување. Убавото Крушево беше спалено, во настапот на уривачкиот бес на победникот.

Еве едно сведочанство: "...Аскерите ги одбираа најдобрите луѓе... и веднаш ги отепуваа. На дваесетина куќи убиваа по еден Крушевчанец. Анадолците по куќите бастисуваа. Аскерите тепаа, тепаа. Со стапови и кундаци маваа по нозете."

Така, во крв и смрт и пожар заврши десеттиот слободен ден на Крушевската Република. Но така, во сонце, живот и верба, почна првиот ден на иднината, зашто жртвите паднати за слободата никогаш не се попусти, тие се залогаи за добрите, бели дни на поколенијата што доаѓаат.

*(Од книгата:*
*Крушево, десет дена Република,*
*Издавач "Нова Македонија")*
М. Паризоски



*Владо Настески*

## ВЛАДО НАСТЕСКИ ДОЛГОГОДИШЕН ДОПИСНИК НА "МАКЕДОНСКИ ГЛАС" ОД МКД "ИЛИНДЕН"-РИЕКА

# СО ДУША И СРЦЕ ЗА МАКЕДОНИЈА

Во Македонското културно друштво "Илинден" како и во секое друго македонско друштво, некои од членовите даваат поголем придонес во дејностите околу остварувањето на културните и други настани. Работата на тие луѓе дава поттик за поголема ангажираност на останатите членови на Друштвото.

За среќа, МКД "Илинден" има таков неуморен работник, еден од основачите на Друштвото, прв дописник на списанието "Македонски глас"од Риека, господинот Владо Настески.

Се родил во прилепското село Мало Коњари, каде го поминал детството и првите училишни денови. Своето школување го продолжил во Република Хрватска. Како и многу други Македонци својата егзистенција ја бара надвор од Македонија, така што целиот свој работен век го поминал во градот Риека, каде и денес живее.

Но, отсекогаш бил со мислите во Македонија, кон неговото село, роднините, пријателите и другарите од детството. Впрочем, неговата преголема љубов кон татковината го натерала за размислува за формирање на Македонско културно друштво, каде ќе може да се најде со своите сонародници, да слушнат македонска песна, да прочитаат македонски весник, да го негуваат македонскиот јазик, а најмногу да се грижат за животот на Македонците во Риека.

За наша среќа, наидовме на разбирање кај градската управа и нашата работа се следи со големо внимание. Оствaривме контакти со културните институции од Градот и пошироко, а таа успешна соработка продолжува и понатаму, вели г-динот Настески.

Чичко Владо, како сите го викаме е многу скромен човек, доследен на она што ќе го каже, голем пријател и другар. Неговите совети се секогаш добронамерни, прифатливи и значат многу за работата на Друштвото, за нивните секојдневни проблеми во животот. Секогаш е подготвен да го даде својот максимум за активностите на Друштвото (слободните пензионерски денови му ги посветува на друштвото), кое благодарејќи на него станало реалност.

Успеав сонот да го претворам во јаве заедно со неколкумина мои сонародници кои го сочинуваа иницијативниот одбор и секако со мојот сонародник и голем пријатрел Михајло Давчевски, првиот претседател на друштвото, покренавме една наша дамнешна идеја и со сесрдна помош од Град Риека и на нашите хрватски пријатели успеавме да формираме културно-уметничко друштво МКД "Илинден", вели г-динот Настески.

Убавите зборови што ќе се слушнат од него, им влеваат надеж на луѓето да истраат во таа борба што се нарекува живот, да им ја приближи татковината и со гордост да кажат дека се Македонци.

Едноставно, му успева далечното да го направи блиско, страшното-убаво, тешкото-лесно. Сето ова нашиот чичко Владо го работи со срце и душа за Македонија.

И така некаде чичко Владо ја прекинува реченицата полна со емоции, небарем како грутка да запира во грлото од спомени и љубов кон друштвото. Така некаде и зборот не е доволен да го искаже животниот пат и животната радост што ги исполнуваат во мигот што зрачи од неговиот лик, од погледот... Некако без зборови сето тоа останува договорено со цврсто ветување за понатамошни активности и успеси. Можеби соработката со вакви луѓе во овие иселенички времиња навраќа на подзаборавениот оптимизам без кого сепак во животот не се може, без кого радоста како врв на живеењето останува недосегната. А сепак луѓе сме, наши сме и како луѓе зближувајќи се ќе извишнееме мостови со кои светот ќе го начинеме мал за на крај од сите краишта како што вели чичко Владо и најдалечното да го направиме блиско, да го исполнеме со радост на постоењето во соживот со сите народи без разлика на пол, нација, вера, политичко или друго убедување. А времето си е време, животот си е живот, човекот низ него минува взаемно со своите обврски кои и колку да ограничуваат во едно време и го осмислуваат.

Впрочем кога ќе се извиди животниот пат сè е лесно кога тоа се чини со душа и срце за Македонија, вели на крајот нашиот чичко Владо.

Илија Христодулов

# ДВЕ НОСТАЛГИИ



*Киро Стојановски на пат за Скопје*

Носталгијата по родниот кат, тажната реалност на печалбарскиот живот, позната е секаде во светот, кај живеат Македонци. Копнежот што постојано тлее во срцата и со малку асоцијација било со писмо, слика, песна, или некоја друга причина, дури и осаменоста, ги буди емоциите и не ретко предизвикува солзи во очите. Тоа е едната носталгија, точно дефинирана, интимна и секому понаособ дозирана, а што е тогаш другата носталгија? Тоа е спротивната сила, како во њутновиот закон: на акција и реакција, која те враќа назад во втората татковина, како овде обично ние ја спомнуваме Република Хрватска, особено местото во кое живееме.

Обете ги почувствуваа мошне силно нашите членови и пријатели Македонка и Киро-Кики Стојановски, се разбира прво едната, потоа другата носталгија од познатите причини, едноставно нешто пукна длабоко во душата. Порано кога ќе го почувствуваа копнежот, на есен патуваа во Скопје, а при крајот на пролетта се враќаа во Истра, нешто како ластовичките. Имаше повеќе причини за тоа: како пензионер и после долг и среќен брак во кој и децата му пораснаа и се осамосталија, Киро, остана сам вдовец и така живееше неколку години, да би ја потоа запознал во Скопје својата сегашна сопруга Македонка, туку што пенизионисана службеничка со стан во Скопје. Колку ни се пензиите "големи" и овде и во татковината, патувањата беа во согласност со домашниот буџет, прво арчење на едната, а потоа на другата пензија, но минатата година тоа нештото стана појако од нив. Го продадоа станот во Пула и решија за секогаш да се вратат во Скопје, но тоа "секогаш"стана релативно. Се јави втората носталгија. Копнежот беше голем, како да не стане толкав, кога Киро како млад морнарички водник, голобрадесто момче со неполни 18 години, дојден е во Пула, пред пеесет и тука живеел се до неодамна. Овде му се ќерките, зетовите, внучињата и пријателите, ние од МКД "Кочо Рацин" и многу други во сите места од Пула до Цавтат и понатаму во Бока Которска, секаде кај има морнари, рибари, тежаци, сите оние што живеат од морето и за морето.

Нее напразно речено: "Кој еднаш се напие чаша море и чаша вино, за секогаш останува верен на морето. "Тоа тој го знаеше, но веруваше дека е посилен од тоа како и љубовта кон родниот кат, која ќе му даде сила тоа да го совлада. Не бевме зачудени, кога нашиот дотогашен секретар на друштвото, добар пријател и голем другар, кој најчесто прв ни ги честиташе роѓендените и останатите празници и големи настани во фамилиите и животот, ни јави дека доаѓа на одмор во Пула и не замоли да му се погрижиме прво за соодветно сместување блиску до морето, а друго да му најдеме некој помал убав стан, да би го купил и однова повремено престојувал во градот на кој му посветил поголемиот дел од својот живот.

Тоа беше знак за мобилност. Најдовме соодветен апартман на Валовине, така што после самиот рече дека морето му шумело под перницата. Тоа беше добро за стариот морски волк, кому поради вените, нозете му полека откажуваат. Неговиот наследник на друштвената функција во МКД "Кочо Рацин" Драго Конев и јас со колата, тоа утро дојдовме да го пречекаме него и сопругата Македонка на автобуска станица, кај го дочекавме жолтиот автобус на скопскиот "Хисар Турист" нај-сигурната врска на Македонците од Истра со родниот кат и тоа беше средба на старите добри пријатели. Откога им измина планираниот одмор, се вратиа во Скопје, поздравени на разделбата со едно "До гледање", дека сопружниците планираа со нас заедно, да го прослават 100-тиот јубилеј на Илинденот, но проблемите со нозете му беа непремостливи, затоа ние му посакуваме добро здравје, долг живот и многу среќа со неговата Македонка во нашата мила Македонија. Р. Д.

**ТАЖНА ВЕСТ**

На 24 август почина во Скопје **Киро Стојановски**. Беше активен член на МКД "Кочо Рацин" од Пула. На неговите нај-блиски им изразуваме длабоко сочувство.

Р.

# Дозволете да ве потсетам



*Тома Прошев*

Надвор врне. Рано попладне е, а веќе треба да се запали сијалица. Прва половина на септември. Задутре е 12-ти. Пред седум години по телефон ми јавија дека татко ми умре. Ноќта врнеше како и денес. Информација едноставна, кажана индиферентно од некој комшија. Му ја поклопив слушалката. И не чувтсував ништо. Болката дојде подоцна, доста подоцна. Ама и тогаш изненади жестината на незиниот напад.

Татко ми, Тома Прошев умре во својата 64-та година од животот. Лупешката што го носеше неговиот млад, скоро детски дух не издржа. Знаев дека е болен, ама тоа го доживував како нешто далечно, како што знаев дека следи глобално затоплување. Тој не дозволи никогаш таа спознаја да влијае врз вообичаениот тек на нашите животи. Тоа лето требаше да патува за Париз, а есента за Скопје каде беше иницијатор и еден од изведувачите на еден мултимедијален проект, што силно го радуваше. Имаше безброј планови и идеи. Ретко кој можеше да го следи.

И така одеднаш, како што и му приличеше, си замина. За мене често, кога болката навалува, тој е некаде на пат, а јас му се радувам на неговото враќање.

Во изминативе години средувајќи го и каталогизирајќи на компјутер неговиот уметнички опус и општествениот ангажман и исчитувајќи ги неговите книги и белешки, можеби за прв пат спознав кој беше татко ми. Кој беше мојот најдобар другар. Тома Прошев-композиторот, диригентот, долгогодишниот професор најпрво во Музичкото училиште Ватрослав Лисински во Загреб во педесеттите, а од 1968 на Високата музичка школа во Скопје, подоцна Музичката академија, директор на Операта и балетот при Македонскиот народен театар во Скопје, првиот ректор на Универзитетскиот уметнички центар во Скопје, директор на Загрепската филхармонија, еден од шефовите на Музичката продукција на РТЗ, од каде беше предвреме пензиониран, основател и шеф диригент на два камерни оркестри, Музика Нова во Загреб и Св. Софија во Скопје, доктор на музиколошки науки. Човек со огрома енергија и силна волја. Сведок на тоа е пред сѐ огромната маса на звук што ја создал од својата прва соната за виолина и клавир 1950 до ораториумот "Александар велики", едно од неговите последни дела со кое во негова чест, за голема жал, дури по неговата смрт се отвори фестивалот Охридско лето 1997-та година.

Се сеќавам дека еднаш во нашите чести и долги разговори рече дека музиката е неговата огромна љубов и дека за неа се решил и покрај тоа што за неа не бил во старт потполно подготвен. Се решил да студира во Загреб, далеку од безбедноста и пријатноста на родителскиот дом, музика што "во старт дава билет за неизвесност" наместо нешто "поконкретно" што од него се очекувало како од еден од најдобрите ученици во својата генерација во гимназијата Цветан Димов во Скопје и покрај завршеното Средно музичко училиште, главен предмет - виолина. Таа љубов со музиката во почетокот на студиите била бурна и страсна. Ја напуштал два пати. Меѓутоа, нераскинлива хемија се случила засекогаш помеѓу него и неговата музика. Секогаш велеше дека музиката ништо не објаснува. Таа делува на нас, а ние ѝ се доближуваме толку колку таа ни дозволува и колку сме за неа подготвени. Многу, многу години подоцна татко ми сватил дека никогаш не ја осознал до крај, дека само малку, по малку ѝ се доближувал, а таа само го допирала со илузијата за себе со капките на својата недопирливост. Беше свесен дека недопирливото не може да се дофати, ама убавината е во патот и стремежот тоа да се дофати. И токму во тоа беше за него убавината во животот со музиката.

Роден е на 10 11 1931-та во Скопје, во град и семејна средина без некоја поголема музичка традиција, ама со музички фолклор, еден од највпечатливите и најубавите на овие простори. И за инает на тоа, а можеби токму затоа, во татко ми изби таа музичка искра со исконска сила на која ништо не можеше да ѝ се спротивстави. Многу пред да се здобие со диплома на Музичката академија во Љубљана во класата на Луцијан Марија Шкерјанц, главен предмет композиција, каде и магистрирал, започнало неговото творечко патешествие и затоа не е чудно што е неговиот опус навистина огромен. Таа прва фаза на неговото творештво го допира стилот на доцниот романтизам полн со страсти, несигурност и барања на младиот композитор. 1963 како стипендист на француската влада заминува во Париз да студира кај прочуениот музички педагог Надја Буланже. Таа и нејзината класа, композиторите како што се Копланд, Маркиевиќ, Пистон и др. биле следбеници на неокласицизмот во музиката, односно нејзиниот зачетник Игор Стравински. Татко ми никогаш докрај не го следел тој стил. Ми зборуваше дека во тоа време "неокласицизмот го доживувал само како плодна почва за некои негови нови визии и дека тој, неокласицизмот му пружал чувтсво за пропорции, систем, рамнотежа и стабилност". Музиколозите велат дека композициите настанати во овој период едвај да кореспондираат со неокласицизмот. Визиите на татко ми се стремеле кон поинакви, експресионистички сфери. Таа неспутаност што во себе ја носел младиот Македонец во Париз нашла автохтон авангарден музички израз. Скоро секогаш имал нешто да каже преку музиката. Бил немирен од многуте идеи. Секоја долго ја носел во себе и ја чувтсвувал секогаш присутна . Велел дека "така музичката идеја потсвесно самата се изградувала и обликувала и кога ќе зовриела, организирано и со еден здив ја ставал на хартија. Дури и музиката за големи оркестрални состави ја пишувал веднаш на партитура.

Инспирација црпел од сé што било во него и околу него. Некои впечатоци носел во себе долго и незабележливо за да одеднаш станат сосема присутни.. Надја Буланже, забележувајќи го неговиот нескротен талент и не верувајќи ѝ до крај на неговата способност така бргу да твори (од час на час ѝ носел по цел став од својот концерт за Мартено и симфониски оркестар што тогаш во Париз го компонирал), во едно дождливо есенско попладне сакала таа дилема да ја провери и со некој изговор го оставила да ја чека саат-два. За тоа време веќе половина од третиот став бил готов, без потреба, како тоа подоцна се потврдило за било каква накнадна интервенција. За таа случка со воодушевеност Надја Буланже раскажувала на состаноците на музичарите што се собирале редовно во нејзиниот дом. Му предлагала на татко ми да остане во Париз, ама него дома го чекавме мајка ми, мојот осумгодишен брат Игор и јас, трогодишно девојче што веќе го бев заборавила неговиот лик и само покажував кон неговата фотографија што стоеше на клавирот под кој често си играв и повторувајќи го несвесно зборот "тато".

Од фазата на доцниот романтизам, преку авангардниот експериментален период со кој ги донел светските музички случувања во Македонија, со оној посаван-гарден во кој барајќи смирување и лирска мелодија се свртел кон фолклорот, опусот на Тома Прошев се огледува во скоро сите музички форми. Од мали за соло и група инструменти, преку камерна музика, до симфониски форми, кантати и ораториуми, балети и опери. За музичкиот фолклор зборуваше дека го смета за најголемата доблест на еден народ. Ја почитувал и сакал македонската народна музика. Сакал неговата музика да го оддава духот на неговиот македонски народ. Не сакал директно да позајмува од неа, туку се стремел самиот да создаде нешто по "дух" народно. Сметал дека само композиторите со голема ерудиција и големо искуство се способни да го изделат најубавото од народната музика и да му дадат нова квалитета. Во последната фаза на својот уметнички и биолошки живот, татко ми Тома Прошев тоа го постигнал. Станал вистински композитор на своето поднебје.

Борјана Прошев-Оливер

# Димитар Гаврилов - Димчо



Умре Чичо Димчо! Господ да го прости! Димитар Гаврилов, најстариот Македонец во Хрватска, доживотен претседател на Заедницата на Македонците во Хрватска, фармацевт по професија, аптекар, почина во Загреб на 12. септември оваа година, еден месец и четири дена по својот 93. роденден. Чичо Димчо, како со почит го викаа сите Македонци, имено, роден е на 8 август 1910. во Струмица, а во Хрватска, најмногу во Загреб, а некое време и во Суња, живееше 64 години. Свечено е погребан на Мирогој, во Загреб, на 16. септември во присутност на седумдесетина негови сонародници и пријатели, како и претставници на амбасадата на Република Македонија. Од починатиот, во името на Заедницата на Македонците, Македонската православна црковна општина "Св. Злата Мегленска" и Културното друштво "Крсте Мисирков", со кус говор се прости Томислав Грујоски, секретар на МПЦО.

Притоа има една интересна коинциденција, случајна но важна и, се разбира, тажна. Пред токму 10 години, во првиот број на "Македонски глас", кој носеше датум август-септември 1993., во рубриката "Ликови на сонародници" го објавивме, како прв, портретот на Димитар Гаврилов, тогаш веќе пензиониран аптекар. Разговорот со него тогаш траеше многу долго, податоците за неговиот богат животен пат, симболично кажано, ги извлекувавме со "клешти". Имено, Чичо Димчо, без лажна скромност, не ја сфати честа што му ја укажавме, се чудеше на нашиот избор, долго не сакаше ништо да каже за себе. Се уверивме: "затворен карактер", тоа остана негова трајна карактеристика во целиот негов живот. Дури и неговата слика тогаш едвај ја добивме.

Но, сепак, на крајот можеше да се заклучи дека животниот пат на Чичо Димчо имаше две етапи: првата полна со авантури и патешествија, а втората, последните 64 години, помината во мирен и плодотворен живот во Загреб и Суња, каде живееше во среден и хармоничен брак со жена Хрватица од Краљевица, која умре пред неколку години. Но немаа деца и тоа, може да се каже, влијаеше на неговиот карактер да биде уште позатворен. Во Суња живееше и работеше како аптекар, со прекиди од по неколку години, од 1946. до 1977., каде беше многу ценет и почитуван. Во Загреб стана познат и ценет како основач и прв директор на претставништвото на Алкалоид од Скопје, кое и денес успешно работи како самостојна фармацевтска фирма. На тоа место беше од 1967. до 1972., кога се врати во Суња. Но и кога отиде во пензија 1977., живејќи во удобна куќа во Зајчева улица во Загреб, и натаму повеќе години во таа фирма работеше како почитуван советник.

Младоста на Чичо Димчо, како рековме, беше бурна. Во родната Струмица заврши, со прекини, шест класа гимназија, во Штип седми клас, но гимназијата беше затворена и голема матура положи во Битола. Во меѓувреме беше и војник во кралевската војска на Југославија, а се запиша и на војна академија во Крагуевац, но не остана долго зошто не можеше да поднесе офицерите да го сметаат како Јужен Србин и да не смее да зборува македонски. По многу авантури и повеќе обиди дојде во Загреб 1939. каде се запиша на фармација, успешно студираше, го заврши тој факултет и до крајот на животот остана во Хрватска каде стекна голема почит и беше многу ценет.

Нека му е на Чичо Димчо вечна хвала и слава!

Михаило Ничота



*Доц. д-р. сц. Августина Гулеска Хајдиќ*

# ПИШУВАЊЕ НА ГЛАСОТ *Х*

1. Гласот **х** се среќава само во некои наши дијалекти. Во повеќето наши говори тој се загубил или преминал во друг глас.

Во **литературниот** јазик овој глас

**1. Се пишува** (на почетокот, средината и на крајот):

а) **во зборови од туѓо потекло**: *хала, хармонија, хангар, харпунхартија, хемија, хендикеп, хибрид, хиена, химна, хор, хоризонт, хотел; алкохол, бронхи, бронхитис, драхма, епоха, нахија, спахија; епарх, монарх, цех* и др.

б) **во туѓи лични и географски имиња**: *Хајне, Хаг, Хавана, Хелсинки, Казахстан, Минхен, Копенхаген, Бах, Лех* и др.;

ц) **во зборови од словенско потекло:** *ходник, храна, храни, хули, восхит, духовит, исход, похвала* (како црковен текст), *поход, прехрана, приход; дух, слух, тих, успех* и др.

д) **во некои зборови и нивните изведенки:** *херој, храм, христијанин, Христос; херојски, херојство, христијански, христијанство* и др.

е) **лични имиња, презимиња и геиографски имиња** во онаа форма како што се изговараат во односниот говор: *Охрид, Пехчево,* но: *Диово* (не. *Дихово*), *Коњу, Ора* (не: *Коњух, Орах*), *Христо* и *Ристо, Хаџиманов* и *Аџиманов* и др;

**2. Не се пишува:**

а) **во зборовите:** *абер, адет, ајвар, ајде, ајдук, апси, аџија, ем, итар, итно, оди, од, оро, оџа, убав, лади, ладно, леб, неранимајко, рен, рт, маало, меана, раат, саат.*

б) **во зборови на местото на старото *х* се пишува *в*:**

- **на крајот на зборот:** *Влав, прав, страв, сиромав, уплав, змев, здив, був, кожув, пастув, пердув, сув* и др.
- **пред согласка:** *бувне, дувне, здивне, јавне, кивне, мавне, бавча, бовча, болва, мевлем, мувла, пивтија, чевли* и др.
- **во наставките за 1.л. едн. и 1.л. едн. и 2.л. мн. аорист и имперфект:** *дојдов, дојдовме, дојдовте; бев, бевме, бевте.*

(Според *Правописот на македонскиот литературен јазик*)

# ГАТАНКИ

Расплел тенка мрежа
ко од свила мека,
некаде се прикрил
и пленот го чека.

**(Пајак)**

Мало вредно црнче
со ножиња боси,
поголемо зрно
и од себе носи.

**(Мравка)**

Во езеро, река плива,
брза, лесна, многу жива.
Молчењето ѝ е мана,
црви, глисти ѝ се храна.

**(Риба)**

Ко булдожер тунел копа,
и низ земја прави прт.
Компир, кромид, лук и репа
ќе поткопа тој лош...

**(Крт)**

## *Алт, сопран, тенор, бас, еве песна баш за вас*

*Музика:* Митко Ристевски  *Текст:* Митко Ристевски

### МАТЕМАТИКА






# Дали се исти?

**Не, не се! Има седум разлики. Можеш ли да ги најдеш?**

# РАСКАЖУВА ДЕДО ДАРЕ

Шмрк, шмрк – си пијам вечерно кафенце кај семејството Јовановски. Домашното маче Мици, со едно воинствено „мјауyy!", го гребна куќното кутре Баги. Кутрето за'ржа „грррр!" и со зината уста го избрка Мици од собата.

Миг потоа се скараа братчето Јосе и сестричката Оле за една играчка. Тој ја навреди со грд збор, а таа му го исплази јазикот и почна да плаче.

– Ете, внучиња! – рече дедото Даре. – Тукушто научивме што е тоа БАСНА! Кога животните зборуваат нешто меѓусебе, тоа се однесува на луѓето и на децата. Од караница до мала тепачка, и кај нив и кај вас!

– Дедо, а што е тоа бајка? – праша Јосе.

– Седнете до мене, ќе ви раскажам... Си бил еден принц. Тој живеел во царството Далечин. Имал свој коњ, илјада играчки и мало, живо папагалче. Но, принцот не знаел да плива!...

Оле мижи а Јосе веќе задремал! Колку време раскажувам – еден час? Што можам, мојата БАЈКА е мошне долга и приспивна, за добра ноќ!

Јас бев гостин во семејството Јовановски. Сè видов и сè чув.

Брзо–брзо го запишав целиот овој настан. Чук, чук – го отчукав на машина за пишување. Го однесов кај уредникот. Тој го прочита и рече:

– Ова е краток, интересен РАСКАЗ! РАСКАЗ, БАЈКА, БАСНА СО НИВ ДЕЦА РАСТАТ!

ЧУДНИ СЛУЧКИ ШТОМ СЕ СЛУЧАТ И ДЕЦАТА ОД НИВ – УЧАТ!



***Специјалитети од домашното огниште***

## ЈАГНЕШКИ ЌЕБАП НА КРОМИД

***За 5 лица***

***Потребен материјал: 900 гр. јагнешко месо, 3 гр. црн пипер, 300 гр. кромид, 1 китка магдонос, 5 гр. сол, 100 гр. маснотија, 300 гр. свежи домати и 1 дц. сос од печено месо.***

***Начин на приготвување: За приготвување на јагнешки ќебап со кромид се зема јагнешко месо од бут или плешка, се исчистува од жиличките, потоа се сече на филети со тежина од 180 гр. за една порција. Исечените филети се посолуваат, лесно истолчуваат и се печат на скара или во тавче со загреана плитка маснотија.***

***Од така прженото месо се сечат 7 до 8 парчиња во една порција, се редат во огноотпорна чинија, се додава ситно сечен и пржен кромид, ситно сечен магдонос, свежи патлиџани, лупени и сечени на коцки, сос од печено месо и сето тоа се измешува, се зачинува и се остава малку да проврие во истиот сад. Потоа се сервира во истиот сад, а како гарнир се додаваат рестувани компири и се служи топло.***

## ОВЧАРСКИ ЌЕБАП

***За 6 лица***

***Потребен материјал: 900 гр. јагнешко месо, 3 гр. црн пипер, 1 китка магдонос, 300 гр. компири, 5 гр. сол, 100 гр. маснотија и 5 јајца.***

***Начин на приготвување: За приготвување на овчарски ќебап може да се користи јагнешко, овчо, свинско, говедско и телешко месо или само јагнешко. Месото се сече, се посолува и лесно се истолчува, потоа се формираат парчиња како за раженчиња.***

***Така приготвеното месо се ниже на жица за раженчиња и тоа ред едно месо, ред друго месо, помеѓу месото се реди излупен и исечен компир на тркалца како за мусака. Штом се изредат месата со продуктите се пржи на загреана длабока маснотија или на скара, се додека добијат дукат жолта боја.***

***Потоа се сервираат во одредена чинија а преку секое раженче се приготвува од предвидените јајца по еден омлет. Како гарнир може да се додадат компири помфрит. Потоа се украсува и се служи топло.***

## ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ!

Ве молиме за соработка со ваши мислења, ставови и погледи.

Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат на Редакцијата за да бидат објавени во наредниот број.

ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш тие го одразуваат мислењето на Редакцијата. Редакцијата е одговорна само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на адреса на ова списание стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Главен уредник:
БЛАГОЈА ЈОВАНОВСКИ

Редакција:
Марко Паризоски (Загреб),
Владо Настески (Риека),
Ивица Луетиќ (Сплит),
Слободан Кузевски (Осиек),
Ратко Димовски (Пула),
Августина Гулеска - Хајдиќ (Задар).
Компјутерска обработка: Љупчо Таневски
Лектура: Августина Гулеска - Хајдиќ
Ova glasilo tiska se uz materijalnu potporu Ureda za nacionalne manjine Vlade Republike Hrvatske.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1, tel./fax: 01/4872-655

За издавачот: ИЛИЈА ХРИСТОДУЛОВ

Tisak: Gradska tiskara Osijek d.d.

Temeljom odredaba čl. 58 stav 3 Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992. g.) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete - Sektor informiranja - 14.7.1993. g.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1/7-94-01 od 10. svibnja 1994. g. ova tiskovina oslobođena je plaćanja poreza na promet.



1993 - 2003

**Eko termopogon**

***ZA TRGOVINU I USLUGE, Lojenov prilaz 6, 10 000 Zagreb,***
***Tel./fax: xx385/1-6601-951, Mob: xx385/6601-951***
***E-mail: termopogon@net.hr***

***Montaža i puštanje u probni pogon kompletnih kotlovskih postrojenja u industriji sa cjelokupnom pratećom opremom, loženim tekućim, plinovitim i krutim gorivom.***

*Servisiramo, održavamo i vršimo rekonstrukcije uključujući i šamotiranje postojećih kotlovskih postrojenja. Vršimo isporuku pojedinačne opreme kao:*



- *KPV i TPV (kemijska i termička priprema vode),*
- *oprema za sagorijevanje plamenika za tekuće, plinovito i kombinirano (plin-ulje) gorivo,*
- *opremu za loženje krutog goriva kompletno sa odgovarajućim dimenzijama i kvalitetom svih vrsta ložišta i roštiljnica uključujući transportere, bunkere, ventilatore i ostalo,*
- *sve vrste rezervnih dijelova za sve vrste kotlova, proizvod TPK Zagreb,*
- *podešavamo proces izgaranja računalnom analizom dimnih plinova,*
- *kontroliramo kvalitetu KPV i TPV (kemijski i termički pripremljene vode), kotlovskoj i kondenznoj, te rješavamo probleme vezane uz kvalitetu vode*
- *vršimo kompletne preglede (defektaža) na kotlovskim postrojenjima. Nakon defektaže u pismenom obliku dajemo stručne savjete o mogućim popravcima ili zamjeni stare/istrošene, odnosno dotrajale opreme novom,*
- *poslužujemo i rukovodimo kotlovskim postrojenjima u industriji sa svojim stručnim osobljem,*
- *vršimo nadzor nad opisanim radovima.*

*Naše dugogodišnje iskustvo stečeno je u Tvornici parnih kotlova iz Zagreba u proizvodnji, te montaži u tuzemstvu i inozemstvu. U 10 g. postojanja, od malog poduzeća smo prerasli u srednje poduzeće sa 5 stalno zaposlenih djelatnika, te nizom vanjskih suradnika. Zajedničkim zalaganjem i radom ostvarili smo i niz zapaženih uspjeha (2002. g. TERMOPOGON d.o.o. je ušao u 1% najproduktivnijih poduzeća u RH). Tijekom godina pružali smo usluge servisiranja i održavanja u velikom broju poduzeća u Republici Hrvatskoj i inozemstvu (uključujući i Republiku Makedoniju), među kojima istaknuto mjesto zauzima i vodeće poduzeće u prehrambenoj industriji iz Zagreba, čije kotlovsko postrojenje na obostrano zadovoljstvo održavamo više od 2 godine. Naš cilj je pružanje vrhunske kvalitete usluga u energetici uz odnos s klijentima koji jamči dugogodišnju suradnju i poslovno zadovoljstvo.*

*Srdačan pozdrav,*

***M. Đorđevski***

